ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# МОБИЛНОСТ

E-MAIL: CONTACT@MOBILNOST.MK WWW.MOBILNOST.MK БРОЈ 106, ЈУНИ 2025

-ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА СОЈУЗОТ

-МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА НА РАБОТНА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРИТЕ НА ФЗОРСМ

-РАБОТНА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРОТ НА ЈПДП, КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ

-ОДРЖАНИ 37. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ 2025

МСПДМ
Министерство за социјална политика, демографија и млади




XXXVII
РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ
НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
NATIONAL SPORTS GAMES
OF PERSONS WITH PHYSICAL DISABILITIES OF MACEDONIA
19-22.06. 2025




SERBIA
14






TIBHAR
4




TIBHAR
4

# МОБИЛНОСТ

## ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

***Издавач:***
***МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА***

***Уредувачки одбор:***
***Главен и одговорен уредник:***
Бранимир Јовановски

***Одговорни уредници:***
д-р Нико Јанков
Митко Фидановски

***Издавачки совет:***
Бранимир Јовановски
д-р Нико Јанков
Елица Трпковска
Стеван Ангелески
Нермин Суловски
Гоце Миновски
Велибор Јакимовски
Дивна Таневска
Михајло Михајлов
Миланчо Арсовски
Горан Војновски

***Лектор:***
Валентина Бачваровска

***Адреса:***
Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври“ бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

***Жиро сметка:***
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 50 примероци
Излегува тримесечно
Број 106, Јуни 2025
Со решение бр. 01-483/2 од 16.05.1994 год. весникот „Феникс 86“ е запишан во регистарот на весниците

***Дизајн и компјутерска подготовка***
Далибор Јовановски

***Печат:***
КОНТУРА ДОО – Скопје

Весникот е бесплатен.


•СОДРЖИНА


•ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2

•ОДРЖАНА РЕДОВНА ГОДИШНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 3

•ОДРЖАНИ ДВЕ СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 3

•ДОДЕЛЕНИ 24 ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ ОД 13. ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „ОХРИД 2024“ 5

•ЗАБЕЛЕШКИ ОД МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА НА НАЦРТ -ЗАКОН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 6

•МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА НА РАБОТНА СРЕДБА ВО ФЗОРСМ 9

•ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНДИКАЦИИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА КАКО РЕЗУЛТАТ ОД ПРЕГОВОРИТЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА СО ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ 10

•РАБОТНА СРЕДБА СО ПРАТЕНИЦИ, ЧЛЕНОВИ НА ВНАТРЕПАРТИСКА ПАРЛАМЕНТАРНА ГРУПА (ИППГ) 11

•РАБОТНА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРОТ НА ЈПДП, КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ 12

•РАБОТЕН СОСТАНОК СО ДИРЕКТОРОТ НА «VIRTUAL ASSISTANTS GROUP», АФРИМ БУЌАКУ 14

•ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА НАДЗОРЕН ОДБОР ВО ГЕВГЕЛИЈА 15

•РАСПРЕДЕЛБА НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА ОД ПОМОШТА ОД АМЕРИКА 15

•ПРВО БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ВО ПИНГ-ПОНГ „ВРЊАЧКА БАЊА 2025“ 16

•ПОСЕТА НА УЧЕНИЦИ ОД МЕЃУНАРОДНОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ IPS MACEDONIA НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 17

•РАБОТЕН СОСТАНОК ВО ПРОСТОРИИТЕ НА МИСИЈАТА НА СВЕТСКА БАНКА ВО СКОПЈЕ 18

•ОНЛАЈН СЕМИНАР НА ШЕФОВИ НА МИСИИ ЗА ЕВРОПСКИТЕ МЛАДИНСКИ ПАРАИГРИ - EPYG 2025 19

•ОДРЖАНИ 37. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 19

•37. ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 27

•ЛЕТ ВО МЕСТО 28

•МАРШ ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА МС 30

•СТУДИЈА ЗА ПРИСТАПНОСТ НА МУЗЕИ 31

•НОВО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОХУМАНА И ИНКЛУЗИВНА СТОМАТОЛОШКА ГРИЖА 32

•КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА НАЦИОНАЛНОТО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ООН ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 33

•ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА НКТ ВО ВЛАДА НА РСМ 33

•ВТОРА ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ И ММСА 34

•МЕЃУНАРОДНА КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ВО ОХРИД 35

•МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СО УНИЦЕФ 36

•ПРОСЛАВА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ЗА ДЕНОТ НА ЖЕНАТА 37

•ВАСИЛИЦА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 38

•ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 8 МАРТ 38

•ДОДЕЛЕН ВАУЧЕР НА ЗДРУЖЕНИЕТО МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА ЗА ПРОСЛАВА НА НОВА ГОДИНА 38

•ОДРЖАН ПРЕДНОВОГОДИШЕН БАЗАР ВО ГЕВГЕЛИЈА 39

• ПРОМОВИРАНА ПРИСТАПНАТА РАМПА ВО МАГАЗАТА 39

•НАТПРЕВАР ВО БОЧИЈА 40



Збор на уредникот

Првата половина од годината ја одбележаа многу активности, отворени прашања и поднесени иницијативи и барања пред институциите на државата за подобрување на правата и положбата на лицата со телесен инвалидитет. Некои од нив добија позитивна разрешница, други пак се уште се на листа на чекања, но со уверување дека раководните лица во институциите вложуваат максимални напори истите да бидат решени позитивно, додека за трети пак се уште не е создадена клима за прогрес.

Состанокот со директорите на ФЗОРСМ на почетокот на годината беше мошне продуктивен, поднесовме и образложивме повеќе барања, поголемиот дел од нив беа прифатени, но за жал дел од нив остана да чека на подобри времиња. Секако најнеприфатливо за нас е што не постигнавме договор остварувањето на правото на инвалидските колички на електромоторен погон да биде согласно дијагноза и утврдена потреба, а не услов како што стои во сегашниот Правилник барателот да биде на школување или во работен однос. Секако дека ќе ја продолжиме иницијативата се до конечно позитивно разрешување на истата.

Со директорот на ЈПДП го отворивме прашањето за вметнување на нови дијагнози за ослободување од плаќање на патарина, со предлог да се изготви Правилник со дијагнози кој ќе и послужи на службата на ЈПДП при позитивно одлучување по предметите. Иницијативата е во тек.

За ова, како и за многу други содржини и иницијативи ќе прочитате во овој број од гласилото „Мобилност“.

Заслужува да се потенцира и проблемот кој настана во врска со финансирањето на националните инвалидски организации, а со тоа и на Мобилност Македонија, намалениот износ на средства во Буџетот за 2025 година, со што практичнокако организација не вратија на финансирањето од 2010 година, но и за понудениот неприфатлив Договор за финансирање од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, на кој дадовме голем број на забелешки и чија реализација се уште не е извесна, а со самото тоа и финансирањето се уште не е започнато.

Искрено се надеваме дека службата во министерството со внимание ќе ги прочита нашите сугестии, ќе ја измени содржината на документот и ќе ја олесни работата на инвалидските организации во тековната година.

Некој кажал: „Зошто просто ако може да биде сложено“.

*Бранимир Јовановски*

# ОДРЖАНА РЕДОВНА ГОДИШНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 22.02.2025 година беше одржана седница на редовното годишно Собрание на Мобилност Македонија. На седницата најнапред беше разгледан Записникот од претходната редовна годишна седница на Собрание на Мобилност Македонија одржана на 24.02.2024 година, а потоа на дневниот ред беше ставен на разгледување и усвојување Извештајот за работа на Мобилност Македонија за 2024 година. После деталното образложување на Извештајот одстрана на претседателот на сојузот, Бранимир Јовановски, беше отворена дискусија која



помина без конкретни забелешки, предлози или дополнувања. По завршување на дискусијата, Извештајот за работа на Мобилност Македонија за 2024 година беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

По третата точка од дневниот ред, претседателот ги информираше присутните дека на седницата на Надзорниот одбор одржана на 23.01.2025 година, присутните членови на Надзорниот одбор утврдиле дека целокупната документација е благовремено прокнижена со приложена финансиска и друга документација, а средствата се законски, наменски и домаќински користени, така да препорачуваат Собранието да го усвои извештајот на Надзорниот одбор. По кусата дискусија по одредени ставки од Извештајот, Финансискиот извештај на Мобилност Македонија за 2024 година беше едногласно усвоен.

Во натамошниот тек на седницата беа усвоени Програма за работа на Мобилност Македонија за 2025 година, како и Финансискиот план за работа на Мобилност Македонија за 2025 година.

*Б.Јовановски*

# ОДРЖАНИ ДВЕ СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 28.01.2025 година беше одржана осмата седница на Управниот одбор на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, на која најнапред беше усвоен Записникот од претходната седница на УО одржан на 16.12.2024 година, а потоа претседателот на сојузот информираше за спроведените активности меѓу двете седници на Управниот одбор, меѓу кои за одржаната предновогодишна прослава во организација на Мобилност Скопје, а со финансиска поддршка од Мобилност Македонија, за поднесениот Извештај за работата на сојузот за 2024 годинас до Министерството за социјална политика, демографија и млади, за реализираната работна средба во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и за одржаната седница на Надзорниот Одбор во Гевгелија.

Ченовите на Управниот одбор ги утврдија Нацрт текстовите на Извештајот за работа за 2024 година, Финансискиот извештај за 2024 и Извештајот од Надзорниот одбор, извештаите од извршениот попис на средства на сојузот во Скопје и во апартманите во Охрид, а потоа беа потврдени одлуките донесени по електронски пат: За преименување на корисничкото име на сертификатот Verba Sign Token кој го ►

поседува сојузот од име на Совка Прчева во корисничко име на Гораст Велковски; За одобрување на доставени апликации и барања за донирање на ортопедски помагала од јавниот повик, и согласност за набавка на ортопедските помагала од Центарот за ортотика и протетика Славеј АД; За подарок за генерален секретар, Совка Прчева, по повод заминување во пензија; Како и Одлука за уплата на средства на сметката на НСИОМ во висина од 18.204,00 денари поради недостиг на средства во Националниот совет, а со цел законска обврска-исплата на дел од средствата за регрес на годишен одмор на вработените лица.

Во натамошниот тек на седницата беа донесени одлуки за: Прифаќање на договор со АД „ Дебарски бањи – Цапа” Дебар; За продолжување на работниот однос на секретарот на сојузот, Гораст Велковски, од определено на неопределено време; За определување на датум за одржување седница на редовно годишно Собрание, на ден 22.02.2025 година (сабота); За варосување на апартманите во Охрид бр: 2, 3, 4, 5, 6, 5а и 9, како и поставување на цокле пред објектите за оправок бр.7 и 8; За нивелирање на прагчињата на терасите на апартманите 9 и 10 од терасите; За користење на објект за оправок во Охрид за репрезентативците во шах на Мобилност Македонија, поради учество на меѓународен шаховски натпревар.

На 08.04.2025 година беше одржана деветата седница на Управниот одбор на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија. По утврдување на дневниот ред, беше разгледан и усвоен Записникот од претходната седница на Управниот одбор одржана на 28.01.2025, а потоа претседателот на сојузот, Бранимир Јовановски, ги информираше присутните за реализираните програмски активности во изминатиот период: Одржаната седница на годишно собрание на Мобилност Македонија; Остварената работна средба со претставници на Светска банка во Македонија; Одржаната изложба на слики од Ликовните колонии на сојузот во Домот за деца и млади „Благој Мучето” во Струмица; За испратениот допис до ФЗОРСМ по однос на реализирана средба со наши барања; За испратен допис- барање до ЈП Државни патишта за реализирање на работна средба со директорот, Коце Трајановски; За одржана работна средба со Меѓународното училиште IPS Macedonia кое работи по IB програма.

Во натамошниот тек на седницата беше отворена дискусија во однос на добиениот Договор за финансирање на националните инвалидски организации за 2025 година, како и новите формулари и обрасци од Министерството за социјална политика, демографија и млади, и беше донесена одлука да се реагира по истите и да се достави доминистерството допис за измени и дополнувања на членовите од Договорот оти ваков каков што е понуден не е прифатлив за Мобилност Македонија.

Беа потврдени донесените Одлуки по електрпонски пат: Генералниот секретар, Совка Прчева, да го користи претплатничкиот мобилен број со претплата преку сојузот до истекот на Договорот со А1; За избор на најдобра и најповолна понуда за молерисување и глетување на објектите за оправок и рехабилитиција (доставени се три понуди); За потреба од промена на корисничко име за синхронизација на токен за електронско банкарство, од корисничко име на Совка Прчева на Гораст Велковски со цел можност за потписи на налози по елетронски пат; За прифаќање на список за донирани ортопедски помагала од стрна на американски донатори „ Црквата на Исус Христос на Светците од Подоцнежните Дни” , откако по нарачаните 46 активни колички пристигнаа 18, а наместо 10 теренски колички, само една; На најголемите 2 здруженија по членство, Скопје и Битола, да им се доделат пристигнатите две теренски колички од американските донатори; Одлука за корекција на месечна плата на вработените од 01.03.2025 година во износод 1.812,00 денари (корекција во односна покачувањето на минималната плата).

Потоа беа донесени следните Одлуки: За распоред на објектите за оправок, рехабилитација и одмор во Охрид за 2025 година; За утврдување на висината на надоместокот за исхрана и превоз за корисниците на објектите во Охрид во 2025 година; За обезбедување на бањско лекување за членовите од Мобилност Струга во 2025 година и надомест за превоз; За набавки, поправки, чистење и дезинфекција на објектите за оправок, рехабилитација и одмор во Охрид; За склучување на Договор за работа со лицето кое ги извршува работите на позиција домаќин и хаус мајстор во објектите за оправок, рехабилитација и одмор во Охрид за 2025 година; За спроведување на контрола врз материјално-финансиското и административно работење во општинските организации - членки на Мобилност Македонија; За одржување на XIV-та Меѓународна ликовна колонија, набавка на сликарски материјал и други потребни трошоци; За распишување на повик до здружените членки за организација на Тематски работилници во 2025 година; За одржување на XXXVII-те Републички спортски игри на лица со телесен инвалидитет на Македонија и закупување на пансиони; За одржување на XXXVII-то Државно шаховско првенство на лица со телесен инвалидитет на Македонија и закупување на пансиони; За одржување на XXIX-от Музички фестивал на лица со телесен инвалидитет на Македонија, определување на град домаќин и закупување на пансиони; За одржување на XXXI-ти Републички квиз натпревар и договор со лице за изработување на прашања за квизот и со лицето задолжено за компјутерско-техничка реализација на Квизот; За одржување на „Тортијада“ во Струмица; За организирање на изложба на дела од XVI-та Ликовна колонија; За одржување на XXVIII-те Литературни средби на лицата со телесен инвалидитет на Македонија; За распишување на повик до здружените членки за организација на одбележување на „4-ти Декември“-Ден на лицата со телесен инвалидитет на Македонија; За исплата на надомест за патни трошоци на лицата кои волонтерски ги обавуваат административните работи во здруженијата во 2025 година; За исплата на првата дотација на средства за работа на здруженијата за 2025 година; За исплата на средства на здруженијата, членки на Мобилност Македонија, за медицински помагала за 2025 година; За отстапување на гарсоњерите во Охрид за одржување на меѓународен кошаркарски натпревар во колички.

*Б.Јовановски*

# ДОДЕЛЕНИ 24 ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ

На 7.5.2025 година, министерот за социјална политика, демографија и млади, Фатмир Лимани, заедно со претседателот на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, доделија 24 ортопедски помагала на лица со телесен инвалидитет.




Примопредавањето на ортопедските помагала беше извршено во дворот на Центарот за ортотика и протетика „Славеј“, Скопје, а средствата за набавка на помагалата беа обезбедени и одобрени од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, по претходно барање и аплицирање на Мобилност Македонија низ годишните програми. Овие помагала беа набавени од прибраните средства за 2022, 2023 и 2024 година. Мобилност Македонија ги акумулираше средствата за да може одеднаш да набави повеќе ортопедски помагала, бидејќи со едногодишните средства може да се набават 5-6 помагала, со што голем дел од барателите на помагалата би се ставиле во позиција да бидат одбиени.

Помагалата се набавени на транспарентен начин, со објавен јавен повик на Мобилност Македонија на социјалните мрежи, како и повик објавен во два печатени весници („Вечер“ и „Коха“), со што на најтранспарентен начин ги повика своите членови, како и останатите лица со телесен инвалидитет од Северна Македонија, кои имаат потреба од ортопедски помагала и додатоци на ортопедски помагала, да се пријават на отворениот повик доколку ги исполнуваат наведените критериуми во повикот. Јавниот повик се однесуваше на три вида ортопедски помагала: електромоторни скутери, инвалидски колички на електромоторен погон и електромоторни додатоци за инвалидска количка.

Денес беа доделени 14 електромоторни скутери, 7 инвалидски колички на електромоторен погон и 3 електромоторни додатоци за инвалидска количка и тоа на следните лица со телесен инвалидитет:

Електромоторни скутери:

Дејан Јовановски - с. Булачани, Скопје; Томислав Попов - Скопје; Илија Бошков - Скопје; Билјана Тодоровска-Битола; Златко Арсовски-Делчево; Николчо Дуев - с.Ѓавато, Богданци; Валерија Пеева - с.Стојаково, Богданци; Виктор Димитриевски - Тетово; Димитар Цафовски - Штип; Гордана Стојановска - Ресен; Весела Димовска - Охрид; Весна Здравевска - Велес.

Инвалидски колички на електромоторен погон:

Игор Николовски - Скопје; Стево Талески - Прилеп;





Смиља Новакова - с. Банско Струмица; Далибор Станковски - Делчево; Снежана Енговска - Делчево; Делфина Стоилковска - Ранковце; Дејнче Стојаноски - Прилеп.

Електромоторни додатоци за инвалидска количка:

Димче Китовски - Охрид; Муштеба Амети - Охрид; Зоран Јовановски - Струмица.

Единствено пристигнато барање што Комисијата за доделување на ортопедски помагала при Мобилност Македонија го одби е барањето од Благоја Симоновски - Скопје, за електромоторен додаток за инвалидска количка, заради тоа што во критериумите од јавниот повик концизно беше назначено дека лица кои го оствариле правото и добиле ортопедско помагало во последните пет години, немаат право на аплицирање, а Благоја Симоновски доби исто помагало, како бараното, во 2022 година.

Министерот подвлече дека овие помагала не се само технички средства. Тие претставуваат средство за слобода, независност, активност и самодоверба. Како и дека тие се дел од патот кон самостоен живот и инклузија. Притоа, изрази благодарност до Мобилност Македонија, здравствените и социјалните работници и организациите кои работат со лицата со попреченост за нивната посветеност и придонесот за реализација на оваа важна мисија.

„Остануваме посветени на создавање на општество во кое секој има можност да живее, учествува и придонесува рамноправно. Заедно да продолжиме да чекориме кон поинклузивна иднина", порача Лимани.

Претседателот на Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, му се заблагодари на министерот Лимани и на Министерството за социјална политика, демографија и млади, за одобрените средства и големото разбирање, посочувајќи дека сојузот сите расположливи средства ги упатува кон членовите по пат на организација на работни средби, кампањи за подигање на јавната свест, организирање на културно-спортски и едукативни настани, организација на оздравување и рехабилитација во апартманите во Охрид, градење на инклузивни игралишта, и кога има можност, набавка и дистрибуција на ортопедски помагала и додатоци кои им се неопходни на лицата со телесен инвалидитет, а не можат да ги набават преку ФЗОРСМ.

„Соработката е добра, на партнерска основа, но секогаш има простор за подобрување на истата", истакна претседателот на Мобилност Македонија.

*Б. Јовановски*

# ЗАБЕЛЕШКИ ОД МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА НА НАЦРТ -ЗАКОН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

На 24.6.2025 година, во Клубот на пратеници во Скопје, во организација на Министерството за социјална политика, демографија и млади, се одржа работната средба со изготвувачите на текстот на Нацрт-законот за професионална рехабилитација и поддршка при вработување на лицата со попреченост, на кој од страна на Мобилност Македонија присуствуваа претседателот на сојузот, Бранимир Јовановски и секретарот, Гораст Велковски. Од краткото време што го имавме на располагање за разгледување на овој важен закон за лицата со инвалидност, од моментот на добивање на текстот до одржување на работниот состанок, утврдивме и доставивме до министерството првични забелешки на Нацрт-законот. Со оглед на важноста на овој Закон, го задржуваме правото на доставување на дополнителни забелешки и сугестии за подобрување на текстот на Нацрт-законот, откако органите на Мобилност Македонија ќе го разгледаат текстот внимателно.

1. Најнапред, терминолошка забелешка, потребно е да се дефинира кој термин ќе се употребува во текстот на Законот, лица со попреченост или лица со инвалидност, знаејќи дека во Уставот на Република Северна Македонија за овие лица се употребува терминот: лица со инвалидност?
2. Мобилност Македонија смета дека називот на овој закон треба да биде Закон за вработување и професионална рехабилитација на лица со инвалидност (попреченост). Акцентот мора да биде ставен на најнапред на вработувањето, а потоа секако и на професионалната рехабилитација.
3. Во член 4 внимателно да се размисли уште еднаш и прецизно да се дефинира на кого се однесува Законот! Сметаме дека ваков каков што е, член 4 е прешироко (ментална болест, хронично болни лица...) и според наше мислење дава можност за злоупотреба и загриженост дека лицата

со инвалидност (попреченост) на кои пред сè им е наменет законот, особено оние лица со потежок и најтежок инвалидитет (попреченост), во ваков случај нема да бидат конкурентни, ниту пак интересни за вработување од страна на работодавачите. Да се разбереме, не станува збор за интелектуално попречените лица, туку за ментално болни и со хронични заболувања.

4. Во член 13, став 1, повторно се инсистира на најмалку 10 вработени лица од кои 40% лица со инвалидност (попреченост) за основање на заштитно друштво!!! Зошто? Сметаме дека на овој начин се дискриминираат малите фирми и малите бизниси. Има мали успешни бизниси за кои не е потребен толкав број вработени (разни сервиси за бела техника, занаетчиски работилници, аптеки, адвокатски канцеларии...). Мобилност Македонија предлага минималниот број на вработени за регистрирање на заштитно друштво да се намали (на 3 или 5), а да остане условот 40 % од вработените да се лица со инвалидност (попреченост).

5. Во член 16, став 2, оштетувањето кај лица со инвалидност (попреченост) е искажано во проценти (20 плати за лица до 90 % оштетување и 40 плати за лица со 90-100 % оштетување). Со години наназад комисиите не даваат процент на оштетување, особено кога се работи за телесен инвалидитет, каде што според Правилникот за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој (Службен весник на РМ бр.172 од 12.9.2016 година), лица со пречки во телесниот развој се распоредуваат во три групи: - Лице со тешки пречки во телесниот развој; -Лице со потешки пречки во телесниот развој; и –Лице со најтешки пречки во телесниот развој. НЕМА проценти. Друга е приказната со глувите лица каде што оштетеноста се мери во децибели, или пак интелектуалната попреченост која исто така е описна и лицата се распоредуваат во четири категории: лице со лесна, умерена, тешка или длабока попреченост. НЕМА проценти. Исто така за различен вид на инвалидност (попреченост) ист процент не е мерка за исто оштетување. Се поставува прашањето кој, како и со кој документ ќе го определи процентот на оштетување на лицата со инвалидност (попреченост)? Затоа Мобилност Македонија смета дека треба да се усогласи терминологијата, односно да се преземат дефинициите од Правилникот за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој.

6. Правото на неповратни финансиски средства за соодветно приспособување на работното место за лице со попреченост да се преиспита особено во делот едно лице може најмалку два пати да користи такво право!!! Треба да се преиспита ова решение, бидејќи потребата за соодветно приспособување сепак зависи од видот на бизнисот, промените на техничко-технолошкиот процес или видот и степенот на попреченоста на лицето, која може да се измени и побргу од три години колку што е опишано во член 18, став 6, но и повеќепати од предложениот максимум од 2 пати. Тоа зависи од природата на работата (на пример набавка на софтвер или хардвер), но и од прогресијата на степенот на инвалидноста (попреченоста) кај самото лице. Нејасен е став 4 од истиот член, мислам како тоа „потенцијалниот носител на обврската требал да сфати дека лицето кое се вработува имало попреченост која може да бара приспособување заради отстранување на бариерите за остварување на правата од работа и вработување“, што има да сфаќа, знае, а подолу пак во став 7 од истиот член се вели дека „барање за користење на средствата од ставот (4) на овој член може да се поднесе најрано по истекот на еден месец од денот на вработувањето на неопределено време на лицето со попреченост“!!? А зошто не веднаш? Хипотетички гледано што и како ќе работи тоа лица тој месец, плус времето додека работодавачот не ги добие средствата и го изврши приспособувањето. Исто така, рокот за соодветно приспособување од предвидените 30 дена е мал и треба да се зголеми (предлагаме на 90 дена).



7. Банкарска гаранција и држење на голем износ на заробени средства 3 години (полошо од претходното решение кое беше 9 месеци) е дискутабилно и треба да се измени (намали рокот). Првин лицето со инвалидност (попреченост) особено ако се јавува во својство на самовработување сигурно нема толкав износ на средства (било невработено до вчера, од каде му се толку пари за банкарска гаранција?). Треба да се преиспита овој предлог и да се најде соодветно решение во корист на лицата со инвалидност (попреченост).

►

8. Во член 20, став 1, се зборува за „Право на ослободување од плаќање на данок на личен доход и обезбедување придонеси од задолжително социјално осигурување“. Се работи за право на ослободување или право на рефундирање на средства, не е исто? Доколку се работи за право на рефундирање на средства, да се предвиди адекватен механизам за рефундирање од страна на надлежното министерство, особено што во пракса ги исплаќаат обврските со големо задоцнување (од октомври 2024 година не се рефундирани, еве стартува деветтиот месец на задоцнување!!!). Замислете колкава маса на средства се тоа и каков притисок врз работодавачите, кои едноставно заради тоа не можат да ги исплаќаат своите обврски и се под притисок на камати, извршители, блокирање на сметки, а министерството не плаќа никакви пенали за неоправданата задршка на овие средства кои мора да ги рефундира до 25 во месецот за претходниот месец.

9. Во член 20, став 4, мора да се направат отстапки. Треба да се размисли и да се предвидат поголеми временски рокови за намалување на бенефитите како би се случила безболна трансформација на заштитните друштва и да не настане масовно отпуштање на вработените лица со инвалидност (попреченост). Да не заборавиме дека таму работат преку 5.000 лица со инвалидност (попреченост) со чие хипотетичко отпуштање 20.000 лица ќе останат без средства за егзистенција. Кој има право да направи таков чекор и можен превид? Мобилност Македонија сигурно НЕ, ниту пак смеат изготвувачите на овој текст. Ако на заштитните друштва не им се остави подолг временски период за приспособување, како и да им се остави некој бенефит (а не целосно укинување на бенефитите како што е предложено за 3 последователни години) сигурно ќе бидат згаснати, а луѓето оставени на немилост. По што ќе се разликува тоа такво заштитно друштво од обично трговско друштво? Зошто 40 % од вработените да му бидат лица со инвалидност (попреченост) во него? Зошто, кога според квотниот систем ќе треба да вработи максимално 1-2 лица, зависно од бројот на вработените. Каде ќе одат останатите лица? Решението е лошо и Мобилност Македонија им предлага на изготвувачите на Законот подобро да размислат за динамиката на намалување на бенефитите (да им се даде поголемо време на приспособување на заштитните друштва), но и за тоа што како бенефит ќе им се остави на заштитните друштва за да ги поттикне да продолжат со работа и да не ги отпуштат лицата со инвалидност (попреченост), но и да се разликуваат од останатите друштва.

10. Кога сме кај квотниот систем, во член 24: „Работодавачи кои имаат вработено повеќе од 50 работници, независно дали со договор за вработување на неопределено или определено време и независно дали работниот однос е со полно или скратено работно време, имаат обврска на соодветно работно место и со соодветни работни услови, по сопствен избор, да вработат лица со попреченост, чијшто број зависи од вкупниот број на вработени и дејноста која ја вршат.“ Сметаме дека овој број од 50 работници е голем и треба да се намали. Пред 11 години беше во постапка на донесување сличен ваков Закон и тогаш бројката беше позиционирана на 35 колку што се сеќавам, па и тоа изгледаше преголема бројка, а камоли сегашниот предлог 50. Затоа нашиот предлог е овој број да се намали на секои 35 вработени по едно лице со инвалидност (попреченост).

11. Од друга страна, добри се заменските квоти, меѓутоа износот за неисполнување на обврската да се зголеми од 50 % на 1 минимална бруто-плата. Исто така и за неисполнување на квотната обврска или заменската квота, средствата што работодавачот треба да ги уплати во Компензаторниот фонд да се зголемат од предложените 50 % од минималната плата утврдена со закон, на 1 бруто минимална плата утврдена со закон. Имено, ова прашање го дискутиравме и при нацрт-текстот и при јавната расправа по претходниот ваков предложен Закон во 2014 година (чие донесување беше стопирано од страна на Владата на РМ) и тогаш Владата на РМ на својата 29. седница на 21.10.2014 година, по точка 94 – Предлог-закон за вработување на лица со инвалидност, меѓу другото укажува дека, цитирам: „Во Предлог-законот за фирмата/компанијата која нема да ангажира потребен број лица со инвалидност според законот, да се предвиди казна од една бруто минимална плата месечно за секое неангажирано лице со инвалидност“. Значи, тогаш Владата на РМ била свесна дека казната е премала и дека нема да води кон подобрување на состојбата ако казната не биде поригорозна. Да не заборавиме, тогашниот предлог беше едно лице со инвалидност на секои 35 вработени лица во фирмите/компаниите, па Мобилност Македонија бара и сега да се испочитува ова решение, бројот да се намали од 50 на 35, а казната од 50 % на **1 бруто минимална плата по закон**.

12. Според наше мислење, фирмите/компаниите кои ќе имаат обврска да вработат лице со инвалидност (попреченост) умешно ќе ја избегнат таа обврска и ќе го пополнат бројот со внатрешно прераспоредување на веќе вработените лица кај нив со намалена или изменета работна способност. Ова е пракса со која се соочиле и се соочуваат лицата во државите каде што е донесен квотниот систем, и на која постојано ни укажуваат во нашата комуникација. Од друга страна, имавме организирано и меѓународна тркалезна маса на оваа тема во 2014 година на која беа присутни експерти од ЕУ и од земјите од регионот. Претставникот на Австрија, држава која има стогодишно искуство во квотниот систем, на наше прашање каков е соодносот на компаниите кои вработуваат лица со инвалидност (попреченост) и оние кои плаќаат пенали во компензаторниот фонд, ни одговори дека не се баш задоволни бидејќи само 35 % од компаниите вработиле лица со инвалидност (попреченост), а 65 % уплаќале средства во фондот. Ако ова се преслика кај нас, хипотетички може да имаме богат компензаторен фонд и маса на невработени лица со инвалидност (попреченост), а тоа не е нашата цел како национална инвалидска организација во подобрување на правата и положбата на лицата со телесен инвалидитет во РСМ.

13. Професионалната рехабилитација е широка тема и смета-

ме дека Нацрт-законот во овој дел треба значително да се доработи. Еве на пример, во член 37, каде што се опишува стручниот тим кој ќе врши професионална рехабилитација има премногу медицински лица, а премалку стручни, премногу медицински пристап (а нели го применуваме социјалниот пристап кон инвалидноста). Просто кажано, на лицето му треба подобрување на конкурентност, стекнување со вештини и знаења конкурентни на пазарот на трудот, подобрување на стручна подготовка-рехабилитација-преквалификација-доквалификација, па зошто му се социјален работник, лекар специјалист, психијатар, специјален едукатор и рехабилитатор во тимот кој треба да му го овозможи тоа!!!? Му требаат стручни лица што просто ќе го научат на занаетот (на вештини во процесот на работата за кој лицето се остручува). Исто така, во услугите кои се спроведуваат од страна на Центрите за рехабилитација, задолжително да биде вклучен претставник на лицата со инвалидност (попреченост). Сепак, Мобилност Македонија си зема за право забелешките и сугестиите во овој дел од Нацрт-законот да ги дадеме дополнително, откако нашите органи ќе го дискутираат Нацрт-законот и ќе донесат соодветни заклучоци.

14. Во член 58, став 1, зборовите: „...и еден надворешен член од организација која ги застапува лицата со попреченост.", да се заменат со зборовите „...и еден надворешен член од националните инвалидски организации кои ги застапуваат лицата со попреченост." Ова од причина што националните инвалидски организации се репрезентативни организации во нашата држава, формирани и управувани од самите членови, кои ги претставуваат и застапуваат најголемиот број на лица со инвалидност (попреченост) во нашата држава.

15. Член 73 гласи: „При одлучувањето по поднесените барања за доделување на средства од Компензаторниот фонд на седниците на Управниот одбор на Агенцијата се повикува еден претставник на организациите на лица со попреченост." Досега постојан член на Посебниот фонд (сега наречен Компензаторен фонд), беше претставник од Националниот совет на инвалидските организации на Македонија (НСИОМ). <u>Бараме ова решение да остане и во иднина, односно во цитираниот член, зборовите „... еден претставник на организациите на лица со попреченост", да се заменат со зборовите „ еден претставник на НСИОМ".</u>

16. Исто така во член 75 никаде не се опишани, ниту им е дадена законска надлежност на организациите на лицата со инвалидност (попреченост), да вршат увид на наменското користење на доделените средства од Компензаторниот фонд согласно со овој закон!!? Да се предвиди во овој член, но и во останатите во кои е опишан мониторингот, транспарентноста и отчетноста, со активно вклучување на лицата со инвалидност (попреченост) преку нивните организации.

17. Како предлог, можеби треба да се предвиди формирање на независно тело за мониторинг на спроведување на одредбите од овој закон, во соработка со Народниот правобранител и организациите на лицата со инвалидност (попреченост).

18. Генерално, низ текстот многу малку, да не кажам воопшто, не се применува аксиомата „Ништо за нас, без нас". Имаме чувство дека некој (институциите) треба да ни назначат кој ќе ја спроведува професионалната рехабилитација, кој ќе врши мониторинг, кој ќе ја планира и спроведува рехабилитацијата, некако самите лица со инвалидност (попреченост) и нивните организации како да не се доволно анимирани и застапени низ членовите на Нацрт-законот, што е спротивно на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност (попреченост). Организациите на лицата со инвалидност (попреченост), особено националните инвалидски организации, мора да бидат дел од проценката, спроведувањето и евалуацијата на вработувањето и рехабилитацијата.

Остануваме посветени и отворени за секаква натамошна соработка со цел за подобрување на решенијата за лицата со инвалидност (попреченост), предвидени во текстот на Нацрт-законот.

*Б. Јовановски*

# МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА НА РАБОТНА СРЕДБА ВО ФЗОРСМ

На 9.1.2025 година, претседателот на Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, генералниот секретар, Софка Прчева и секретарот, Гораст Велковски, одржаа работен состанок со генералните директори на Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија: Сашо Клековски и Бранко Аџигогов, на кој присуствуваа и Даниела Стојановска-Цинговска - советник на директорот за ортопедски помагала, Весна Маркоска - директор на Сектор за ортопедски помагала и специфични здравствени услуги, и Елена Тулевска - раководител на одделение за план и анализа.

На состанокот разговаравме за можностите за подобрување на мобилноста на лицата со телесен инвалидитет преку воведување на одредени, досега невпишани дијагнози, како индикации за остварување на право на стандардно лесни и активни инвалидски колички (B91 секвели од полиомиелит), дополнување на дијагнози како индикации за стекнување на право на инвалидска количка за церебрална парализа (со вметнување на дијагнози, како, на пример, од некои ретки болести и други заболувања кои имаат потреба од ова ортопедско помагало), потоа правото на инвалидска количка на електромоторен погон да имаат можност да го остварат сите осигурени лица врз основа на дијагноза и утврдена потреба, без ограничување на правото на добивање само доколку осигуреното лице е во работен однос, или да врши дејност врз



основа на која е осигурено, или да се деца на редовно школување до 18, односно 26-годишна возраст (како што сега стои во Правилникот), потоа за воведување на ново помагало кај протезите - Хидрауличен зглоб за дезартикулација на зглоб за колк, бидејќи иако за другите делови од таквата протеза се направија позитивни промени со воведување на хидраулика, пневматика, електроника, овој зглоб за дезартикулација на зглоб на колк остана механички, што ја нарушуваа статиката и можноста за стабилен од на овие лица.

Дискутиравме и за можноста на укинување на старосната граница за добивање на право на ортопедски помагала (за повеќето сега изнесува 65 години) или барем нивно усогласување со просечниот животен век на граѓаните, потоа за ревидирање на референтните цени на помагалата со цел да се подобри квалитетот на истите, како и за можноста за автоматско поништување на неискористените заверени потврди за набавка на ортопедско помагало по истекот на законски предвидениот рок (осигуреното лице не ја реализирало потврдата), без обврската да се појават лично во просториите на подрачните единици и да поднесуваат изјави за да се здобијат за повторна можност да аплицира за нова потврда за набавка на истото помагало.

Мобилност Македонија им се заблагодарува на директорите и службата на ФЗОРСМ за срдечниот прием, конструктивната дискусија и искажаното разбирање за нашите потреби, очекуваме предлозите да бидат усвоени и имплементирани од фондот во најскор временски рок, а се со цел подобрување на квалитетот на животот на лицата со телесен инвалидитет, нивно самостојно движење и инклузија во општеството.

*Б. Јовановски*

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНДИКАЦИИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА КАКО РЕЗУЛТАТ ОД ПРЕГОВОРИТЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА СО ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

**Измени на Правилникот за ортопедски и други помагала – поголем опфат и современа поддршка**

Третата важна новина се однесува на усвоените измени и дополнувања на Правилникот за индикации за ортопедски и други помагала, кои се резултат на директна комуникација на ФЗОРСМ со **Мобилност Македонија,** здруженија на пациенти и професионални здруженија.

Измените имаат за цел да обезбедат поширок пристап до неопходни помагала за осигурените лица, како и воведување на нови, посовремени средства кои придонесуваат за подобрување на нивниот квалитет на живот.

Конкретно, со измените се предвидува:

- Вклучување на дијагнозата Б91 – Секвели од полиомиелит во индикациите за добивање инвалидска количка;
- Проширување на правото за дијагнози G11, G12 и Q05 (атаксија, спинална мускулна атрофија, спина бифида) за добивање специјализирана инвалидска количка;
- Вклучување на лица со дијагноза G12 за право на антидекубитално перниче;
- Воведување на ново ортопедско помагало – хидрауличен зглоб за колк (шифра 1317), за лицата со хемипелвектомија, достапен за сите возрасни категории.

Со овие измени, Фондот испраќа јасна порака дека останува отворен за соработка со здруженијата на пациенти и дека континуирано работи на унапредување на правата и условите за здравствено осигурување, во интерес на секој поединец.

**Фондот за здравствено осигурување останува посветен на постојано унапредување на услугите за осигурените лица, водејќи се од принципите на достапност, правичност и квалитет во здравствената заштита.**

*Б. Јовановски*



# РАБОТНА СРЕДБА СО ПРАТЕНИЦИ, ЧЛЕНОВИ НА ВНАТРЕПАРТИСКА ПАРЛАМЕНТАРНА ГРУПА (ИППГ)

На 28.5.2025 година, во ДХО „Даре Џамбаз“, во организација на Мобилност Македонија и ЗЕТА, се одржа работна средба помеѓу пратениците Ангелина Петкова, Мерлие Салиу и Сашко Јанчев, членови на ИППГ за правата на лицата со инвалидност, со претставниците на лицата со инвалидност: Бранимир Јовановски, претседател на Мобилност Македонија, Гораст Велковски, секретар, Елена Кочовска и Јулијана Климоска, претставници од здружението ЗЕТА, Гоце Миновски, претседател на Мобилност Скопје, Дејан Ѓорѓиевски, секретар, и членовите Христина Просковска, Горан Спасов, и Дејан Петанчевски.

На средбата, по кусото претставување и запознавање на учесниците, беа дискутирани повеќе теми од интерес на лицата со инвалидност, особено на лицата со телесен инвалидитет, но акцент беше ставен на градење на консензус помеѓу парламентарните партии во Собранието на РСМ за прашања кои се однесуваат за подобрување на правата и положбата на лицата со инвалидност, носење на решенија и легислатива која нуди еднакви можности за сите и целосна инклузија во сите пори на општеството на лицата со инвалидност согласно со ратификуваната Конвенција на ООН за правата на лицата со инвалидност и Агендата 2030, како и можноста за понепосредна и поинтензивна комуникација помеѓу пратениците од ИППГ за правата на лицата со инвалидност и претставниците на инвалидските организации кога како точки на дневен ред во Собранието се ставени измени и дополненија на Закони, или носење на нови закони чии одредби се одне-




►



суваат на лицата со инвалидност, потоа апел за зголемување на социјалните надоместоци, особено на надоместокот за попреченост и посебниот додаток, а беа дискутирани и други теми, особено за финансирањето на националните инвалидски организации, нивните здруженија и НСИОМ како кровна организација.

*Б. Јовановски*

# РАБОТНА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРОТ НА ЈПДП, КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, уште од крајот на минатата година и во текот на првата половина од годинава, во повеќе наврати испрати допис-барање до Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП), за средба со наши претставници, во врска со проблемите или недоразбирањата што произлегуваат од службата на ЈПДП при одлучување по поднесување на соодветна документација за ослободување од плаќање на патарина, согласно член 66, став 2, од Законот за јавни патишта, за нашите членови.

Барањето беше на иницијатива и во интерес на нашите членови, лицата со телесен инвалидитет на Северна Македонија, кои имаат неопходна потреба од стекнување на ова право, бидејќи единствена можност за нивно патување низ државата им е токму користење на сопствен автомобил, во услови на неадаптиран меѓуградски превоз. Сè подолгата процедура за остварување на правото од службата на ЈПДП (процедура од минимум 2-3 месеци, а понекогаш и подолго), како и сè почестите одбивања на лица со најтежок телесен инвалидитет само заради доставен медицински наод со постар датум, или формалностите околу толкување на медицинските дијагнози од страна на службата на ЈПДП, а со цел да го надминеме и конечно решиме проблемот кој подолго време се провлекува на штета на нашето членство, го замоливме директорот на ЈПДП, Коце Трајановски, да одвои дел



од неговото ценето време за работен состанок со претседателот на сојузот, Бранимир Јовановски, генералниот секретар Софка Прчева и секретарот Гораст Велковски.

Нашите напори вродија со плод на 30.5.2025 година, кога се одржа работна средба во просториите на ЈПДП, на која присуствуваа директорот Коце Трајановски и одговорното лице за изработка на одобренија за ослободување од плаќање на патарина, Анкица

Претседателот на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, при претставување на организацијата истакна дека сојузот е невладина, непартиска, национална инвалидска организација, основана во 1986 година, која има за задача ***да ги претставува и застапува лицата со телесен инвалидитет и нивните интереси во комуникација со државните органи во РСМ и на меѓународно ниво. Мобилност Македонија*** претставува чадор-организација на 8.000 лица со телесен инвалидитет доброволно здружени во 16 општински, меѓуопштински и градско здружение на лица со телесен инвалидитет. ***Членови на Мобилност Македонија се граѓани, државјани на Република Северна Македонија кои имаат пречки во мобилноста поради телесен инвалидитет предизвикан од параплегија, дистрофија, ампутација на екстремитет, детска парализа, мултипла склероза и други невромускулни или коскени заболувања, кои доброволно ќе појават интерес да се зачленат во здруженијата кои дејствуваат на територијата на нивното живеалиште.***

Меѓу другите програмски задачи, Мобилност Македонија, за своите членови, врши услуга со комплетирање на потребна документација, како и нејзино доставување до Јавното претпријатие за државни патишта на одлучување, со цел истите да се стекнат со право за ослободување од плаќање на патарина, согласно член 66, став 2, од Законот за јавни патишта.

Ова услуга со години ја правиме за нашите членови, меѓутоа во последно време наидуваме на пречки при остварување на правото, иако лицата се со најтежок телесен инвалидитет, само заради тоа што нивната дијагноза не е опишана во наведениот член, или пак заради несоодветно толкување на медицинските дијагнози од страна на службата на ЈПДП, како и неоправдано долг временски период за решавање на предметите.

Низ дискусијата и обидите рационално да се реши овој проблем, беше предложено сојузот да испрати барање до ФЗОРСМ за изработка на список со наведени дијагнози на лица кои имаат потежок и најтежок телесен инвалидитет, а не се опишани во член 66, став 2, од Законот за јавни патишта, и истиот во форма на акт да го достави до ЈПДП, кој тие потоа би го користеле при носење на одлука кои лица може да се стекнат со право на ослободување од плаќање на патарина за нивното патничко моторно возило. За да ја забрза работата, директорот на ЈПДП, Коце Трајановски, за време на одржување на работниот состанок и во наше присуство, телефонски се слушна со директорот на ФЗОРСМ, Сашо Клековски, и се договорија што треба да направиме во врска со нашето барање.

Мобилност Македонија веднаш достави таков допис со образложение до ФЗОРСМ, и по подолго време доби одговор од Фондот под број 09-16278/2 со кој предлагаат да се формира работна група со претставници од секоја од засегнатите институции, покрај ФЗОРСМ во истата да партиципираат и претставници на Лекарска комора, од Министерството за социјална политика, демографија и млади, од ЈПДП и претставници од Мобилност Македонија како репрезентативна организација на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, како и претставници од репрезентативни организации на лицата со визуелна и сетилна попреченост.

Во ред, се сложуваме да се формира работна група, меѓутоа прашањето е кој ќе биде иницијатор и носител на работата на таа работна група?

Сметаме дека тоа треба да биде некоја од наведените институции, според наше мислење ФЗОРСМ. Еве, Мобилност Македонија, со цел да ја забрзаме работата, ги делегира веднаш своите претставници во таа работна група, и тоа: Бранимир Јовановски – претседател на сојузот и д-р Нико Јанков – член на Управен одбор на сојузот и раководител на Лекарската комисија при Сојузот.

Во нашиот допис до ФЗОРСМ на нивниот одговор им нагласивме дека од интерес на лицата со телесен инвалидитет е да се забрза формирањето и работењето на ова работна група, бидејќи секојдневно како сојуз сме под притисок од членовите кои во моментов, иако со уредна документација, со месеци чекаат да го остварат правото, а многу често и се одбиени, според наше мислење неоправдано, бидејќи имаат тежок инвалидитет, но, за жал, нивната дијагноза не е опишана во член 66, точка 2, од Законот за јавни патишта.

Во интерес на членовите е во најбрз временски рок да ни одговорат дали ФЗОРСМ се прифаќа да биде носител за формирање на работна група која самите ја предлагаат, како и за динамиката на работењето на тоа тело од кое се очекува да произлезе Правилник кој ќе им послужи на надлежните од ЈПДП поекспедитивно, пореално и поефикасно да ги решаваат пристигнатите барања за ослободување од плаќање на патарина за лицата со телесен инвалидитет. Мобилност Македонија им стои на располагање во секое време за секакво друго појаснување, и ќе бидеме благодарни доколку нè контактираат при финализирањето на процесот.

За секоја новина во однос на решавањето на ова исклучително важно прашање за нашите членови, благовремено ќе бидете известени на *www.mobilnost.mk*

*Б. Јовановски*

# РАБОТЕН СОСТАНОК СО ДИРЕКТОРОТ НА «VIRTUAL ASSISTANTS GROUP», АФРИМ БУЌАКУ

На 5.3.2025 година, на барање на господинот Африм Буњаку, главен извршен директор на „Virtual Assistants Group“ од Шведска, одржавме работен состанок во канцеларијата на Мобилност Македонија.

По воведното запознавање и претставување на организациите кои ги претставуваме, започна конструктивен дијалог со цел да се вклучиме во проект за добивање на одредени придобивки за подобрување на статусот, положбата и секојдневниот живот на лицата со телесен инвалидитет во Македонија.



Напоменувам дека ова беше првичниот иницијален состанок, разменетите податоци ќе бидат поставени како цели за натамошна акција, ова групација соработува со владините институции во обид лобирање и добивање на трајни решенија и придобивки во повеќе сегменти на поддршка и асистенција на лицата со телесен инвалидитет, меѓутоа и на лицата со оштетен вид и оштетен слух.

Virtual Assistants® Group е компанија за помошна технологија.™ На почетната страница на нивната веб-страница www.virast.org пишува: „Ние го скенираме светот и ги доловуваме најдобрите производи низ сите услуги, на едно место посветено на предизвиците и потребите на здравјето и начинот на живот. Преку нашето семејство на компании и во сите области на нашиот бизнис, ние се фокусираме на обезбедување на елементи кои се најважни за успехот во животот, образованието и работата“.

Дискутиравме за социјалните права, за потреба од ортопедски помагала и решенијата од Правилникот за индикации за остварување на право на ортопедски и други помагала, за можност за формирање на сервисни услуги во вид на кол центри, за добивање на сет за основни медицински мерења и самодијагностицирање (сет на апарати за мерење на крвен притисок, ниво на шеќер во крвта, оксиметар...) со софтверска поврзаност со матичниот лекар што би било од голема помош за лицата особено кои тешко се движат (или живеат во руралните средини), така што нема да имаат потреба да дојдат до лекарската ординација за следење на горенаведените параметри, како и за многу други работи.

„Ова група на виртуелни асистенти има повеќе партнери (можете да ги видите на сајтот). Преку понудите на нашите компании, собравме сеопфатна, но сепак фокусирана низа решенија насочени кон дигитални услуги фокусирани на грижата за растот на квалитетот на животот на корисниците, од кои секоја ги олеснува приспособените искуства на едноставни, одредени и непосредни начини. Нашето семејство на компании вклучува некои од најомилените и најпочитуваните брендови за помош во светот, намерно креирани поради нивната способност да го подобрат и нашиот фокус на основните работи за помош. Како што растеме, продолжуваме да инвестираме во луѓе, производи и партнери кои го поддржуваат и се усогласуваат со овој фокус. Поединечно, нашите компании се експерти за широк спектар на теми за здравство, образование, дигитализација и работни места, решенија, производи и услуги - од наставна програма, до интервенција и оценување, до професионално учење и многу повеќе. Заедно, тие се сила за промени, помагајќи да се дефинира и подобри иднината на образованието во целост - истакна во своето излагање Буњаку.

Ова беше првичниот состанок на запознавање, искрено се надевам дека оваа соработка ќе се интензивира во следниот период со конкретни активности, за што благовремено ќе бидат известени нашите членови.

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА НАДЗОРЕН ОДБОР ВО ГЕВГЕЛИЈА

На 23.1.2025 година, во просториите на Здружението Мобилност Гевгелија беше одржана Седница на Надзорен одбор на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија –Мобилност Македонија во која членува ѓ-ѓа Даниела Гошева-Кангов од Гевгелија. На седницата беше разгледано финансиското работење на Сојузот. По завршување на седницата на генералниот секретар на Мобилност Македонија, г-ѓа Софка Прчева, ѝ беше подарено букет цвеќе и скромен подарок како и благодарница за досегашната соработка и придонес во работењето на Здружението Мобилност Гевгелија како знак на внимание и благодарност во името на сите членови за досегашниот ангажман, со желба за убави и среќни пензионерски денови. Исто така му беше доделена благодарница и на претседателот на Мобилност Македонија, господин Бранимир Јовановски, за НСЛТИ МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА, за поддршката како матична организација.

*Валерија Пеева*




# РАСПРЕДЕЛБА НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА ОД ПОМОШТА ОД АМЕРИКА

Во текот на речиси целиот месец март 2025 година се вршеше договарање и испорака на ортопедските помагала кои Сојузот ги распредели од помошта на „Црквата на Исус Христос и светците од подоцнежните дни“ од Америка. Речиси сите кои беа запишани пред три години го остварија своето право и пратија фотографии со помагалата, а останатите се очекува да испратат дополнително.






Инаку, во оваа транша „Мобилност Битола“ доби 7 колички (1 теренска, 5 стандардни и 1 активна), потоа 2 пара подлактни и 2 пара потпазувни патерици. Благодарни сме на донаторот за нивната хумана мисија и им посакуваме и понатаму да ја извршуваат оваа хуманитарна дејност.

*Н. Јанков*

# ПРВО БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ВО ПИНГ-ПОНГ „ВРЊАЧКА БАЊА 2025“

Во организација на Балканската пингпонгарска федерација, од 22 до 26.4.2025 година во Врњачка Бања, Србија, се одржа првото Балканско првенство во пара пинг-понг на кое учествуваа 47 натпреварувачи од пет држави: Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Бугарија.

Во составот на македонската репрезентација, според одлуката на селекторот Страшко Коцевски, се натпреваруваат Игорчо Постолов во класа 6, Марјан Зафировски во класа 7, Рубинчо Ристески во класа 8 и Тони Митровски во класа 8.

Натпреварите, заради малиот број пријавени натпреварувачи, се одржуваат во споени класи 6-7 и 8-10.

На 23.4.2025 година се одржаа натпреварите по групи во поединечна конкуренција. Во класите 6-7 имаше пријавено 10 натпреварувачи кои се разигрува во три групи. Првопласираните двајца натпреварувачи од секоја група ги продолжуваат борбите во четвртфинале.

Во споената класа 6-7, Марјан Зафировски, настапи во група од 3 натпреварувачи, ги загуби и двата натпревари и не ја помина групата, завршувајќи на третото место во групата.

Игорчо Постолов настапи во група со 4 натпреварувачи, извојува една победа која, за жал, не беше доволна да ги продолжи борбите во четвртфиналето и заврши како третопласиран во својата група.

Во класата 8-10, настапија 14 натпреварувачи. Рубинчо Ристески настапи во група од 3 натпреварувачи, ги изгуби и двете борби и не ја помина групата, а Тони Митровски настапи во група со 4 натпреварувачи, ги загуби сите три дуели и исто така не ја помина групата.

За жал, четвртфиналните борби ќе поминат без учество на наши натпреварувачи.

Денес претпладне нашите натпреварувачи се слободни, а на турнирот се игра четвртфинале, полуфинале и финале во поединечна конкуренција.

На 24.4.2025 година во 16:00 започнаа борбите во двојки. Беа пријавени 11 парови, од кои 1 од Бугарија, 2 од Македонија, 2 од Црна Гора и 6 од Србија.








Македонија настапи со две екипи.

Во едната настапија Рубинчо Ристески и Марјан Зафировски во група со два дубла од Србија и еден дубл од Црна Гора. Тие ги загубија сите три натпревари и ја завршија борбата на четврто место без да ја поминат групата.

Втората двојка (дубл) ја сочинуваа Игорчо Постолов и Тони Митровски кои исто така разигрува со два дубла од Србија и еден од Црна Гора. И тие ги загубија сите натпревари во групата и со тоа заврши настапот на нашите спортисти на шампионатот.

*Б. Јовановски*



# ПОСЕТА НА УЧЕНИЦИ ОД МЕЃУНАРОДНОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ IPS MACEDONIA НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Шест ученици од шесто одделение при Меѓународното училиште IPS Macedonia, кое работи по IB програмата (Меѓународна матура): Мартин Крстевски, Марио Иваноски, Андреј Михајлоски, Надја Митрески, Викторија Делова и Тарик Локче, придружувани од две наставнички: Кристина Ацовска и Сабина Фејзули, на 30.4.2025 година ја посетија канцеларијата на Мобилност Македонија и преку интервју на претседателот и секретарот на сојузот поставија повеќе прашања преку кои се интересираа за организациската поставеност на сојузот, нашата мисија, целите и задачите, нашата програма и реализирани активности, успесите и неуспесите со кои сме се соочиле, како и совет како тие би можеле да им помогнат на децата и лицата со телесен инвалидитет.

Оваа организирана група на ученици од шесто одделение, придружувана од нивните ментори, во рамките на програмата на Меѓународното училиште IPS Macedonia, имаат предвидено PYP Exhibition, на која работат поделени по тимови. Ова, всушност, е нивниот завршен проект за PYP (Primary Years Program), а овој тим работи на тема „Лицата со телесни инвалидитети во Македонија".

Интересна средба на која најголем впечаток ми остави последното прашање што ми го упати еден од учениците: „И за на крај, кажете ни што ние можеме да сториме за да се подобри положбата на лицата со инвалидност?".

Мило дете, сега треба да се посветите на образованието, треба да учите, да израснете во добри, чесни, академски едуцирани граѓани кои своите знаења и вештини ќе ги имплементираат во системот за зајакнување на својата држава на сите полиња: економски, здравствено, едукативно, безбедносно..., и тогаш, кога ќе бидете моќни и кога ќе имате можност да носите значајни одлуки, сетете се на ова прашање што денес ми го поставивте.

*Б. Јовановски*



# РАБОТЕН СОСТАНОК ВО ПРОСТОРИИТЕ НА МИСИЈАТА НА СВЕТСКА БАНКА ВО СКОПЈЕ

На 6.3.2025 година, во просториите на Мисијата на Светска банка во Скопје, во присуство на повеќе претставници на Националните инвалидски организации на Македонија, претставници на Министерството за социјална политика, демографија и млади, како и претставници на други здруженија и организации, се одржа работен состанок на кој од страна на претставниците од Мисијата на Светска банка, Manuela Sofia Stanculescu и Georgiana (Geo) Blaj, беше претставен „Проектот за администрирање на социјалното осигурување“, кој ќе се спроведува од страна на Министерството за социјална политика демографија и млади, а со поддршка на Светска банка.

Во рамките на проектот ќе се утврди и методологијата за вршење на проценка на лицата со попреченост, според зборовите на Manuela Sofia Stanculescu самата категоризација ќе се фокусира на преостанатите способности, а алгоритмот ќе ги компарира и усогласи медицинскиот дел од категоризацијата каде што главниот збор го имаат стручните лица, со прашалникот на кој ќе одговара самото лице кое ќе биде категоризирано, а сè со цел да се добие што е можно пореална проценка на самата личност и неговите потреби. Целата постапка нема да трае подолго од 40 минути и ќе се спроведува во градовите во кои веќе функционира комисијата за МКФ.





Мобилност Македонија на овој состанок ја претставуваа претседателот Бранимир Јовановски и секретарот Гораст Велковски.

Како што беше кажано на почетокот на средбата, проектот има две компоненти, а за лицата со попреченост е исклучително важна втората компонента, која предвидува пилот-проект за воспоставување на нов систем за проценка на попреченост, во кое пилотирање ќе бидат опфатени околу 2.000 лица со попреченост, од кои 500 до навршени 18 години возраст, и 1.500 постари од 18 години.

Паралелно ќе се започне со формирање на единствен регистар на лица со попреченост, нешто за што нашите организации лобираат и апелираат до надлежните институции долги години наназад. Ова е потребно за да може да се прават попрецизни политики за подобрување на правата на самите лица, бидејќи државата ќе може попрецизно да пресмета колкава фискална импликација ќе има спроведувањето на одредена мерка за подобрување на положбата на лицата со попреченост во нашата држава.

Ова беше првичен состанок, соработката продолжува.

*Б. Јовановски*

# ОНЛАЈН СЕМИНАР НА ШЕФОВИ НА МИСИИ ЗА ЕВРОПСКИТЕ МЛАДИНСКИ ПАРАИГРИ - EPYG 2025

За помалку од три месеци до Европските младински параигри 2025 (EPYG 2025) во Истанбул, возбудата на потенцијалните учесници расте додека Локалниот организациски комитет (LOC) се подготвува да ги пречека учесниците на овој голем инспиративен спортски настан за младите спортисти со инвалидитет, настан кој воедно претставува извонредна прослава на младите и нивна инклузијата во општеството преку спортот.

Најголем приоритет на Локалниот организациски комитет (LOC) е да се осигури дека учесниците ги имаат сите потребни алатки и информации кои ќе го направат нивното учество непречено и успешно. За таа цел, најнапред беше споделен Технички прирачник за EPYG 2025 – сеопфатен водич кој ги содржи сите основни детали за поддршка на тимовите, потоа придружно писмо од претседателот на EPC, Рејмон БЛОНДЕЛ, а на 30 април 2025 година, беше одржан и онлајн семинар за шефови на мисии, семинар кој обезбеди клучни новости и можност да се добијат одговори на сите прашања што во овој момент ги имаат шефовите на мисии, а кои ќе послужат како клучен чекор во финализирањето на подготовките за Игрите.

Европските парамладински игри претставуваат повеќе од само натпревар. Тие се платформа за младите спортисти да го покажат својот талент, решителност и натпреварувачки дух, создавајќи незаборавно искуство коешто ќе ги инспирира идните генерации.

Параолимпискиот комитет на Северна Македонија ја разгледува можноста барем еден млад спортист со инвалидност да учествува на Игрите. Одлуката ќе биде донесена во првата декада од мај.

*Б. Јовановски*




# ОДРЖАНИ 37. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

Од 19 до 22.6.2025 година, во Струга и Охрид, во организација на Мобилност Македонија и соорганизација со Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, беа одржани 37. Републички спортски игри на лица со телесен инвалидитет на Македонија, кои и годинава имаа меѓународен карактер, на кои настапија 115 спортисти од Македонија, Србија, Бугарија, Хрватска и Босна и Херцеговина.

Средства за одржување на овој инклузивен настан беа обезбедени од Министерството за социјална политика, демографија и млади и од Министерството за спорт.

Првиот ден се одржаа натпреварите во стрелаштво во три дисциплини на кои настапија 24 спортисти.

Во фер и коректна борба, првите три места ги освоија:



Воздушен пиштол CX1 микс

| | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | Резултат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Оливера Наковска-Бикова | Битола | 92 | 91 | 95 | 95 | 94 | 94 | **561** |
| 2 | Александар Јовановски | Скопје | 87 | 91 | 90 | 94 | 90 | 94 | **546** |
| 3 | Ванчо Каранфилов | Скопје | 90 | 79 | 88 | 85 | 90 | 88 | **520** |
| 4 | Небојша Пејовски | Струга | 87 | 86 | 80 | 90 | 83 | 80 | **506** |
| 5 | Златко Биков | Битола | 85 | 74 | 73 | 81 | 82 | 84 | **479** |

Воздушна пушка CX1 микс

| | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | Резултат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Јовановски | Струмица | 77 | 81 | 80 | 82 | **320** |
| 2 | Новча Тодоровски | Куманово | 78 | 71 | 83 | 83 | **315** |
| 3 | Бранимир Јовановски | Куманово | 74 | 75 | 80 | 77 | **306** |
| 4 | Елизабета Тодоровска | Куманово | 72 | 75 | 79 | 78 | **304** |
| 5 | Благица Ѓорѓиевска | Гевгелија | 82 | 78 | 73 | 45 | **278** |
| 6 | Небојша Пејовски | Струга | 72 | 67 | 68 | 65 | **272** |
| 7 | Горан Целајков | Гевгелија | 70 | 68 | 66 | 66 | **270** |
| 8 | Стеван Ангелески | Прилеп | 65 | 55 | 58 | 75 | **253** |
| 9 | Мендо Дивјаковски | Битола | 48 | 70 | 58 | 67 | **243** |
| 10 | Тони Радевски | Битола | 59 | 64 | 61 | 58 | **242** |
| 11 | Даница Живковиќ Цеков | Србија | 54 | 68 | 45 | 34 | **201** |
| / | Александар Јовановски | Скопје | | | | | **0** |
| / | Нусредин Маловски | Дебар | | | | | **0** |

Воздушна пушка CX2 микс

| | Име и Презиме | Град | 1 | 2 | 3 | 4 | Резултат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Игорчо Постолов | Струмица | 76 | 76 | 84 | 82 | **318** |
| 2 | Рудолф Петровиќ | Хрватска | 75 | 70 | 75 | 86 | **306** |
| 3 | Рефик Ибрагиќ | БиХ | 72 | 80 | 78 | 76 | **306** |
| 4 | Тамара Гошева | Гевгелија | 42 | 55 | 77 | 68 | **242** |
| 5 | Шухра Зукановиќ | БиХ | 56 | 61 | 54 | 62 | **233** |
| / | Лилјана Мицовска | Кочани | | | | | **0** |














На 20.6.2025 година во спортската сала на училиштето Климент Охридски во с. Дрслаица, Струга, се одржаа натпреварите во пинг понг.Голема благодарност до училиштето за отстапениот простор и до Пингпонгарска федерација на Македонија за отстапените 6 професионални маси за пинг-понг со опрема за одржување на натпреварите.

Натпреварите се одиваа на три нивоа, домашно индивидуално, меѓународно индивидуално и тимско натпреварување.

Домашно првенство резултати:

Мажи класа 3-5:

1. Муштеба Амети - Охрид;
2. Зоран Јовановски - Струмица;
3. Бранимир Јовановски - Куманово.

Мажи класа 6-8:

1. Рубинчо Ристески - Прилеп;
2. Игорчо Постолов - Струмица;
3. Марјан Зафировски - Скопје.

Мажи класа 9-10:

1. Страшко Коцевски - Куманово;
2. Небојша Ташиќ - Куманово;
3. Митко Сотировски - Охрид.

Жени класи 6-10:

1. Лилјана Мицовска - Кочани;
2. Олга Ристовска - Скопје;
3. Тајна Ристеска - Прилеп.

Меѓународен натпревар резултати:

Мажи класа 3-5:

1. Небојша Илиќ - Србија;
2. Виктор Јозиќ - Хрватска;
3. Зоран Јовановски - Македонија.

Мажи класа 6-8:

1. Јордан Митев - Бугарија;
2. Милан Миќовиќ - Србија;
3. Рубинчо Ристески - Македонија

Мажи класа 9-10:

1. Паун В›тев - Бугарија;
2. Илија Томиќ - Хрватска;
3. Дејан Башановиќ - Црна Гора.

Меѓународно екипно натпреварување:

1. Бугарија;
2. Црна Гора - Србија;
3. Хрватска.




























На 21.6.2025 година се одржаа натпреварите во атлетски повеќебој на стадионот „Атина Бојаџи“ во спортскиот комплекс „Билјанини Извори“ во Охрид. Ова беше и најмасовниот натпревар на кој зедоа учество 61 натпреварувач.

Резултати:

ЖЕНИ класи 54-57

| | Име и презиме | | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Резултат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Елена Давитковска | Ф56 | Куманово | 4,97 | 12,1 | 10,4 | **1581,1** |
| 2 | Благица Ѓорѓиевска | Ф57 | Гевгелија | 4,68 | 8,29 | 8,28 | **1195,9** |
| 3 | Даница Живковиќ Цеков | Ф54 | Србија | 2,85 | 4,24 | 5,62 | **1094,1** |
| 4 | Даниела Гошева Кангов | Ф57 | Гевгелија | 3,81 | 8,1 | 7,12 | **1043,9** |
| 5 | Јелена Трајковиќ | Ф57 | Скопје | 3,51 | 6,93 | 6,54 | **940,5** |
| 6 | Љубица Боевска | Ф57 | Струмица | 3,81 | 6,94 | 5,27 | **907,0** |
| 7 | Шухра Зукановиќ | Ф56 | БиХ | 2,5 | 3,8 | 5,52 | **722,4** |



ЖЕНИ класи 37-46 и општа

| | Име и презиме | | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Резултат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тамара Гошева | Ф46 | Гевгелија | 6,26 | 17,17 | 17,06 | **1387,974** |
| 2 | Лидија Вељановска | општа | Битола | 5,82 | 12,33 | 15,09 | **1183,114** |
| 3 | Лидија Успрцова | Ф42 | Штип | 4,56 | 11,93 | 8,44 | **1168,034** |
| 4 | Нада Цветковска | Ф46 | Куманово | 6 | 14,02 | 10,96 | **1125,285** |
| 5 | Силвана Трајковска | општа | Скопје | 5,59 | 14 | 11,63 | **1109,398** |
| 6 | Зорица Сандева | Ф44 | Штип | 5,17 | 13,34 | 10,3 | **1059,342** |
| 7 | Цветанка Стојанова | Ф37 | Струмица | 4,85 | 8,87 | 5,69 | **1014,508** |
| 8 | Нада Илиоска | општа | Кичево | 5,54 | 12,75 | 8 | **976,512** |
| 9 | Марина Стојчева | општа | Скопје | 5,57 | 13,72 | 6 | **947,407** |
| 10 | Тајна Ристеска | Ф37 | Прилеп | 3,32 | 6,72 | 4,88 | **757,998** |
| 11 | Зорица Арсовска | општа | Скопје | 4,05 | 8,9 | 0 | **544,223** |












МАЖИ класи 54-57

| | Име и презиме | | Град | Ѓуле | Диск | Копје | **Резултат** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Јовановски | Ф55 | Струмица | 6,49 | 16,36 | 13,08 | **1401,8** |
| 2 | Златко Арсовски | Ф55 | Кочани | 5,88 | 15,42 | 12,75 | **1313,1** |
| 3 | Адем Неби | Ф57 | Скопје | 7 | 16,34 | 16 | **1284,2** |
| 4 | Александар Јовановски | Ф54 | Скопје | 4,4 | 9,91 | 9,85 | **1186,7** |
| 5 | Гоце Миновски | Ф56 | Скопје | 5,91 | 11,94 | 13,39 | **1186,4** |
| 6 | Горан Целајков | Ф57 | Гевгелија | 6,1 | 15,86 | 14,2 | **1160,5** |
| 7 | Горан Спасов | Ф57 | Скопје | 6,43 | 10,72 | 13,66 | **1061,0** |
| 8 | Савре Бојковиќ | Ф57 | Куманово | 5,94 | 11,69 | 11,9 | **999,9** |
| 9 | Небојша Пејовски | Ф57 | Струга | 5,33 | 12,16 | 11 | **941,3** |
| 10 | Теуфик Зукановиќ | Ф55 | БиХ | 4,38 | 8,26 | 8,83 | **872,9** |
| 11 | Игор Димитриев | Ф57 | Струмица | 4,84 | 11,29 | 9,67 | **851,9** |
| 12 | Пецо Петковски | Ф56 | Скопје | 4,29 | 9,9 | 7,46 | **831,2** |
| 13 | Рефик Ибрагиќ | Ф55 | БиХ | 3,79 | 9,08 | 8,38 | **828,7** |
| 14 | Азиз Зендели | Ф57 | Тетово | 4,83 | 9,98 | 9,2 | **810,9** |
| 15 | Денис Кнежевиќ | Ф56 | Хрватска | 4,16 | 8,46 | 6,98 | **769,5** |
| 16 | Небојша Илиќ | Ф54 | Србија | 2,74 | 6,9 | 6,2 | **768,0** |
| 17 | Игор Николовски | Ф57 | Скопје | 4,91 | 7,37 | 9,36 | **765,1** |
| 18 | Игор Марковски | Ф56 | Струга | 3,32 | 6,05 | 8,67 | **680,9** |
| 19 | Игор Ристевски | Ф57 | Скопје | 4,07 | 8,3 | 6,95 | **660,3** |
| 20 | Иван Соколовиќ | Ф56 | Србија | 2,48 | 4,15 | 4,9 | **455,8** |






МАЖИ класи 37-46 и општа

| | Име и презиме | | Град | Ѓуле | Диск | Копје | **Резултат** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Никола Пеев | Ф36 | Гевгелија | 7,48 | 21,15 | 19,48 | **1731,3** |
| 2 | Александар Талески | општа | Гевгелија | 8,7 | 26,43 | 31,42 | **1537,5** |
| 3 | Дарко Спирковски | Ф44 | Битола | 7,52 | 21,54 | 24,51 | **1317,6** |










| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Горан Димчевски | Ф42 | Битола | 7,08 | 13,56 | 19,67 | **1224,2** |
| 5 | Мендо Дивјаковски | општа | Битола | 7,06 | 19,31 | 23,28 | **1172,5** |
| 6 | Ристе Станковски | општа | Велес | 7,03 | 16,26 | 20,19 | **1064,4** |
| 7 | Горан Трајчев | општа | Куманово | 7,21 | 14,58 | 20,11 | **1043,3** |
| 8 | Благојче Негриевски | Ф37 | Скопје | 6,74 | 15,07 | 14,44 | **1040,8** |
| 9 | Имер Сефери | Ф44 | Скопје | 6,35 | 18,37 | 15,81 | **1026,3** |
| 10 | Шериф Шерифи | Ф44 | Скопје | 6,46 | 18,23 | 13,37 | **985,8** |
| 11 | Иван Георгиев | Ф37 | Штип | 6,26 | 15,74 | 11,84 | **967,9** |
| 12 | Тоде Арсов | Ф44 | Штип | 6,77 | 16,29 | 13,27 | **967,4** |
| 13 | Тони Илиев | Ф44 | Струмица | 6,51 | 12,97 | 15,34 | **927,8** |
| 14 | Васко Милевски | Ф38 | Битола | 6,25 | 12,21 | 9,71 | **891,0** |
| 15 | Златко Биков | Ф37 | Битола | 5,71 | 14,27 | 9,95 | **863,5** |
| 16 | Ала Белкија | Ф44 | Струга | 5,06 | 15,51 | 14,41 | **867,2** |
| 17 | Антон Коцевски | Ф42 | Велес | 4,9 | 9,77 | 13,32 | **849,9** |
| 18 | Осман Ципалов | Ф44 | Радовиш | 6,05 | 11,75 | 13,74 | **847,1** |
| 19 | Тони Радевски | општа | Битола | 6,18 | 13,88 | 12,43 | **842,5** |
| 20 | Скендер Рахмановски | Ф38 | Дебар | 5,66 | 10,76 | 9,4 | **812,7** |
| 21 | Владе Тасевски | општа | Битола | 5,5 | 10,79 | 11,5 | **727,9** |
| 22 | Томе Ристовски | општа | Кичево | 6,8 | 15,41 | 0 | **709,5** |
| 23 | Марјан Трпковски | Ф37 | Тетово | 4,23 | 11,76 | 7,1 | **657,2** |

*Б. Јовановски*

# 37. ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА












На 24-25.5.2025 година, во хотелот „Конгресен центар“ во Охрид, во организација на Мобилност Македонија и соорганизација со Параолимписки комитет на Северна Македонија, се одржа 37. Државно првенство на лица со телесен инвалидитет на Македонија на кое настапија 20 шахисти од здружените членки и една гостинка од Бања Лука.

Во фер и коректна борба, првото место го освои Јанчо Ѓорѓевски од Куманово со 6,5 поени (од 7 можни), второто Горан Војновски од Кочани со 5,5 поени, третото Александар Стојчески од Скопје со 5 поени.

Натпреварот беше организиран со финансиска поддршка од Министерството за социјална политика, демографија и млади за спроведување на програмските активности за 2025 година.

*Б. Јовановски*



DP shah telesni 2025
Standings (round 7) - DP shah telesni 2025

| Place | Name | Feder | Rtg | Loc | Score | Buch | Progr | Wins |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Gjorgjevski, Jancho | | | | 6.5 | 30.0 | 28.0 | 6 |
| 2 | Vojnovski, Goran | | | | 5.5 | 31.5 | 24.5 | 4 |
| 3 | Stojcheski, Aleksandar | | | | 5 | 32.0 | 21.5 | 4 |
| 4-6 | Stankovski, Zivko | | | | 4.5 | 29.0 | 16.5 | 3 |
| | Zekirija, Izeti | | | | 4.5 | 27.0 | 19.5 | 3 |
| | Ismani, Selim | | | | 4.5 | 24.5 | 16.5 | 4 |
| 7-10 | Ilioski, Trajko | | | | 4 | 31.0 | 17.0 | 4 |
| | Nunoski, Daniel | | | | 4 | 27.5 | 20.0 | 3 |
| | Dimoski, Slobodan | | | | 4 | 25.0 | 17.0 | 4 |
| | Cafovski, Dimitar | | | | 4 | 22.5 | 13.0 | 4 |
| 11-14 | Angelkovski, Kire | | | | 3.5 | 27.5 | 13.5 | 3 |
| | Dimov, Zoran | | | | 3.5 | 24.0 | 13.5 | 3 |
| | Jovanov, Petre | | | | 3.5 | 20.5 | 10.0 | 2 |
| | Stojanovski, Vase | | | | 3.5 | 19.5 | 13.5 | 3 |
| 15-16 | Izairi, Mahmut | | | | 3 | 19.5 | 11.0 | 2 |

# ЛЕТ ВО МЕСТО

**„Не ме боли** задникот за народните права, ниту народот ги заслужува, ниту може да ги има, ниту ако ги добие, ќе знае што да прави со нив.“

Погоре наведениот цитат од драмското дело „Лет во место“, од нашиот драматург и писател Горан Стефановски, го изговорува главниот лик во драмата Киро, кој е длабоко резигниран и скептик од способноста на народот да ги искористи правата. Оваа драма со длабоко значење остави траги во нашата литература, а беше навремено изведувана во Народниот театар во Битола. Уште од гимназиски денови го засакав театарот и ја користев секоја пригода да гледам некоја претстава. По игра на случајот во иста клупа седев со Љубе Цветановски, сега за жал покојниот помал брат на Јордан Плевнеш, исто така познат македонски автор, а подоцна и дипломат. Љубе го имаше семејниот ген за убавиот литературен збор и беше барем една деценија пред сите нас во прозното и поетското изразување. Неговите писмени работи често пати не можев да ги разберам со оглед на длабочината на неговата мисла а моето неискуство во таа област. Покрај него го засакав театарот и многу претстави ги гледав уште во тие гимназиски денови. Тогаш јас бев млад и полн со енергија, па сите препреки го совладував со животната сила. Театарот беше стар и потсеќаше на Миланската скала со кадифени седишта и ложи и со влегувањето во него осеќав почит и восхит така што секоја претстава за мене беше свеченост. Овој театар беше срушен и на негово место се изгради Дом на култура во чиј простор е сместен и Народниот театар од Битола. Навиката да ги следам театарските претстави не престана до денешни денови, но со време посетите почнаа да ми претставуваат и напор со оглед на тоа што во изградбата на новиот Дом на културата не се водеше сметка за пристапноста подеднакво за сите. За тие што не гледале некоја претстава во Народниот театар во Битола не знаат какви маки треба да се истргаат за да се пристапи до седиштата во вид на амфитеатар. До седиштата за посетителите се доаѓа по премногу вртени скали кои и за здрави луѓе се тешки за качување. Со искачувањето на овие скали не завршуваат маките на лицата со инвалидност бидејќи модерните режисери сега сè почесто режираат претстави кои се изведуваат на самата сцена или на некои помали сцени во визбените простории. Бидејќи се работи за седишта сместени во форма на амфитеатар за да го заземе посетителот своето место треба да слегува повторно по скали и што е најлошо нема пармак да се придржува.

Покрај мене и други лица со инвалидност се љубители на театарот и јас ги заинтересирав да ги гледаат претставите, но секое одење во оваа установа за сите нас претставува и голем физички напор и ризик од повреди. За да се промени оваа состојба долго време се разговара со раководството на театарот во смисла на тоа да се обезбеди пристап за сите љубители на уметноста. Вербално имаме целосно разбирање за нашите барања, но во практиката состојбата е непроменета и нема надеж дека нешто наскоро ќе се измени на подобро. Проблем секогаш се парите и решителност да се преземи нешто да се промени состојбата. Постојат технички решенија за изградба на лифт и ставање на пармаци на скалите, како и рампа за пристап до сцената, но никој не се труди тоа да биде направено, а верувам дека има и наши и странски донатори кои тоа би го финансирале доколку има добар и издржан проект.

Ова е само еден пример за проблемите со кои се соочуваат лицата со инвалидност и состојбите во општеството. Од кога ги формиравме здруженијата заради остварување на нашите права до денес мој впечаток е работите како да стојат во место делумно заради негрижата на институциите и неефикасност на системот, а делумно и заради нашата безидејност и апатија. Апатијата се должи на фактот што и покрај постоењето на какви такви прописи во областа на градежништвото за кои со макотрпни преговори се избoривме да станат законски одредби, државата и понатаму не се грижи за доследно спроведување на обврските од законот и сведоци сме на безброј нови градби кои не ги исполнуваат условите за пристапност на лицата со инвалидност или само формално се прават непрописни рампи со што сметаат дека ја исполниле законската обврска за пристапност, а знаеме дека не е само тоа доволно за објектот да биде целосно пристапен и функционален за сите граѓани. Сведоци сме дека безброј вакви објекти добиваат употребна дозвола, а требало да бидат преиспитани уште во фазата на усвојување и контрола на проектот. Кога помисливме дека сме се избориле за поповолен Закон за градба, државата раководејќи се од интересите на бизнисот и инвеститорите повторно сака да го замени овој Закон и притоа повторно прави редукција на нашите веќе прифатени барања. Повторно ние предлагаме решенија кои ќе бидат во склад со нашето право за пристапност и така до недоглед. На овој начин повторно сме ставени во состојба на лет во место.

Сите права за кои со судни маки се избoривме во текот на годините или се минимални или во значителна мера редуцирани. Имаме закони во кои се пропишани права за лицата со инвалидност, но тие права се тешко остварливи заради многу препреки и „нелогичности“. Во многу прописи остварувањето на правото е поврзано со одреден степен на инвалидност на лицето кое треба да е корисник, а најчесто со процент на инвалидност. Меѓутоа, како да се искористи правото кога нема начин на кого било од нас надлежен орган или комисија овластена со закон да му го утврди степенот на инвалидност. Имено, Инвалидската првостепена комисија не определува процент на инвалидност освен ако некој побара да му се реализира правото на бенефициран стаж бидејќи тоа право е поврзано со одреден процент на инвалидност. Само така инвалидното лице ќе има утврден процент на инвалидност, па тоа ќе може да го искористи и за реализација и на други права. Меѓутоа, не е секое лице со инвалидност вработено за да бара бенефициран стаж. Слична е ситуацијата и кај правото за ослободување од патарина каде што за ампутациите се бара одреден процент на инвалидност и сите што не можат да го докажат исполнувањето на тој услов немаат

можност да го остварат правото за разлика од други лица со инвалидност кај кои е потребно да се докажи само тоа дека им е дијагностицирано одредено заболување. Слични формулации се предлагаат и во Нацрт-законот за професионална рехабилитација и вработување на лица со инвалидност.

Мој впечаток е дека државата штом западне во криза прво започнува со редукција на средствата со кои се финансира работата на здруженијата, злоупотребувајќи ја положбата на дистрибутер на средствата кои согласно Закон се издвојуваат за нивната работа сè со цел што повеќе средства да останат во Буџетот на Република Македонија. Тенденција е секоја година да се издвојуваат сè помалку средства за финансирање на сојузите и придружните нивни здруженија поради што секоја година сме присилени да ги редуцираме нашите активности и едвај да ги финансираме предвидените активности.

Покрај ова, државата се стреми и кон воспоставување на целосна контрола на работењето на здруженијата на државно и локално нивно на начин што се бара увид во трошењето на секој денар, но и на целисходноста на акциите кои се одвиваат во остварувањето на програмските активности. Согласно договорот за финансирање при отчетот за потрошените средства доколку биде оценето дека некоја активност не е согласно предвидената активност за тековната година, корисникот е должен да ги сноси сам тие трошоци односно да ги врати во буџетот доделените парични средства. Меѓутоа, ниту со една Програма за работа здруженијата не можат во целост да ги предвидат сите активности кои во текот на годината ќе произлезат. Ова предизвикува потреба од административни работи за составување на барања на средства за секоја поединечна активност како и отчет за секој потрошен денар. Оваа обемна книговодствена и административна работа претставува дополнителен товар за здруженијата со оглед на ограничениот кадровски потенцијал, особено на локално ниво. Во неможност да се исполнат сите вакви барања постои опасност од запирање на работата на многу здруженија, а со тоа и на сојузите на државно ниво.

За губењето или намалувањето на правата на лицата со инвалидност сме и ние самите виновни што поради наша неактивност, што поради злоупотреба на правата. Неактивноста особено се гледа во здруженијата од каде по правило треба да произлегуваат иницијативи за активности или спроведување на кампањи, започнати на ниво на Сојузот, за реализација на некои наши барања или подобрување на правата. Сите чекаме некој друг да ни ја сврши работата, односно чекаме од управниот одбор и претседателот сето тоа да го направат.

Од друга страна, голем број на нови членови идат во здружението само да реализираат некое право, обично право на ослободување од патарина, право на бесплатно паркирање каде што тоа е дадено од страна на јавните претпријатија или бесплатен превоз во градскиот сообраќај. Обично штом го реализираат некое право повеќе не им треба здружението ниту имаат намера да учествуваат во некои активности. Можам да разберам дека имаат потреба од некои поволности и привилегии за да си го олеснат секојдневниот живот, меѓутоа никако не можам да ги разберам колку лесно ги злоупотребуваат правата. Наместо да паркираат бесплатно само тие кога имаат работа низ градот, тие возилата им ги даваат на свои блиски роднини кои паркираат секојдневно и тоа не може да остане незабележано од страна на службените лица вработени во јавното претпријатие. Реакции секојдневно има и се плашам дека може и да донесат одлука да го укинат правото. Од една страна соочени сме со масовно злоупотребување на паркиралиштата наменети за лица со инвалидност од страна на несовесните граѓани, од друга страна и самите со злоупотребите си ја сечеме гранката на која седиме.

Во некои случаи има злоупотреби и на правото за неплаќање на патарина така што возилата кои се ослободени, наместо корисникот на правото, ги користат други лица иако убаво им е објаснето дека тоа е казниво и дека следува губење на правото. Некои од членовите ги користат електронските картици на автопат со друго возило кое не е ослободено без да размислат дека на сите наплатни рампи има камери, а во компјутерите веднаш може да се види кое всушност возило е ослободено.

Кај вработувањето забележани се злоупотребите од страна на работодавачите. Наместо да се вработуваат најтешко инвалидизираните лица, тие секогаш предност им даваат на лицата со најлесна телесна инвалидност, особено на глуви и на лица со пречки во интелектуалниот развој, бидејќи тие лица и најмногу можат да ги искористат во потешките физички работи. Новиот закон што е веќе нацрт и наскоро може да се очекува да биде ставен во собраниска процедура за гласање како што е замислен од страна на надлежното министерство, ќе ги дестимулира работодавачите да вработуваат лица со инвалидност, а како ги следам најавите дури можи да се случи да дојде и до отпуштање на веќе вработени. Многу одредби од овој нацрт се утопистички замислени и доколку изостане доследна примена и контрола ќе останат мртво слово на хартија.

Од сето ова што го изложив произлегува дека ќе мораме да се избориме самите за секое право што ни следува бидејќи државата сигурно нема самата да ни ги даде правата само затоа што ни следуваат како основни човекови права загарантирани со Устав на Република Македонија и меѓународни конвенции. Ако чекаме некој друг да ни ги даде правата или да се избори за нив, ќе дојдеме во ситуација да имаме лет во место и да не мрднеме ни чекор напред. Уште поопасно е да дојдеме во ситуација на резигнираност како главниот јунак Киро во драмата „Лет во место“, кој го изговори цитатот наведен на почетокот на овој текст. Ако нè зафати апатија и безнадежност и поради тоа се откажеме од борбата, ќе дојдеме до мислата дека не заслужуваме подобри права ниту пак ако ни ги дадат, ќе знаеме како да ги искористиме.

*Митко Фидановски*

# МАРШ ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА МС






На 30.5.2025 година, „Мобилност Скопје“ со целосна поддршка од „Мобилност Македонија“, десетта година по ред го организира настанот за одбележување на Светскиот ден на мултиплекс склероза заедно со ограноците на Параплегија, Дистрофија и Детска парализа.

Настанот, преку симболичниот мирен марш, цели кон подигнување на јавната свест за овие дијагнози и состојби, брза интеграција на лицата во општеството, поуспешна информираност за нивните права и обврски, како и развивање на социолошката компонента за синергија на заедницата.

Денот започна со собир на учесниците пред „Порта Македонија“, во 10 часот, по коешто следуваа изјави за медиумите и во 11 часот, со организиран конвој по едната коловозна лента на бул.11 Октомври преку Собранието на РМ се чекореше сè до ДХО „Даре Џамбаз“. На маршот покрај големиот број членови од Мобилност Македонија и Мобилност Скопје, учествуваа многу верни пријатели на здруженијата, односно: м-р Снежана Трпевска - координатор на НКТ(национално координативно тело) при Владата на РМ, заменик-министерот при Министерството за социјала, демографија и млади - Ѓоко Велковски, градоначалникот на општина Гази Баба - Бобан Стефковски, тим од доктори и сестри при УК за Неврологија од Скопје, предводен од проф. Драгана Петровска, претставници од Град Скопје - Весна Дамчевска и Татјана, нашата проф. д-р Соња Бојаџиева, главната сестра при заводот за рехабилитација во Козле - Даниела Димитровска, верната наша сестра при Онкологија, Јасмина, Хема-Онко, нашата верна новинарка при МРТ - Виолета Софкаровска, Ана Вишинова при Музејот на македонска борба, секогаш тука за нас - Ортопедската куќа „Славеј“, голем број новинари од различни ТВ-куќи итн. По пристигнувањето во домот следуваше неформално дружење и комуникација помеѓу сите присутни кое произведе собрани искуства, солидна информираност и иницирање теми за преземање следни чекори.

- МС е заболување што го имаат многу лица, грижата за неа е бесконечна, потребата од подобрување на условите за третирање и лекување во државата е огромна, средствата секако се неопходни... но ние треба да ги знаеме нашите начела;

СИТЕ СМЕ ЕДНАКВИ!

ЗАЕДНО СМЕ ПОСИЛНИ!

РАЗЛИЧНОСТА НÈ ОБЕДИНУВА!

ПОСИЛЕН СИ КОГА ИМАШ ТОВАР!

СПОКОЕН СИ КОГА НЕ СЕ ПРЕДАВАШ!

*Христина П.*

# СТУДИЈА ЗА ПРИСТАПНОСТ НА МУЗЕИ

„Мобилност Скопје“ во рамките на „МСУ ремек-дела за сите“, проект за пристапност на современата уметност, поддржан од фондацијата „Хедли Траст“, преку Балканската мрежа на музеи и Министерството за култура и туризам, учествуваше на тридневна обука во изработката на Студијата за пристапност за МСУ.

Раководител на проектот беше Бојана Јанева, кустос во Одделот за едукација и стручно водење при МСУ.

Првиот ден беше посветен за Тренинг и средба со в.д. директорот, д-р Тихомир Топузовски. Предавачи на тренингот за вработените во МСУ беа м-р Бојана Јанева (НУ Музеј на современата уметност – Скопје) која всушност го претстави проектот „МСУ ремек-дела – за сите“. Д-р Ирена Ружин (НУ Завод и музеј – Битола) говореше на тема „Добри практики за пристапност поддржани од Балканската музејска мрежа“, м-р Жељка Сушиќ - Тифлолошки музеј, Загреб, Хрватска на тема „Ремек-дела за сите – Инклузивна перспектива“, м-р Жељка Боснар Салихагиќ - Загреб, Хрватска за тема „Тактилни прилагодувања“ и м-р Јове Парговски (НУ Завод и музеј – Битола) тема „Искуствата на НУ Завод и музеј – Битола во изработката на тактилни изложби и подобрување на пристапноста“.

Предавачите ги споделија своите искуства преку стручни и интерактивни предавања, вежби и дискусии во рамки на своите излагања, но севкупно насочени кон темата пристапност и инклузија во музеите.

На тренингот присуствуваа и претставници од повеќе партнерски заедници со кои предавањата и вежбите постигнаа голем дострел и експлицитно го доловија неопходното на дело, аномалиите во пракса, а недостатоците во план за проектирање.

На вториот и третиот ден се започна со изработката на Студијата за пристапност за МСУ, односно добивање стручна Студија за пристапност, заради која се идентификуваа потребите на институцијата, се анализираше состојбата, за што се применува соодветна методологија за музеи и галерии.

Во третата фаза од проектот ќе биде изработен „Музеј во куфер“, кој ќе содржи копии-макети и тактилни копии од избрани дела од музејската колекција за кои одговорните ни ветија набрзо една нивна презентација во салатата за состаноци во ДХО „Даре Џамбаз“.

Соработката на „Мобилност Скопје“ со МСУ останува во иднина. Нашето здружение вети дека секогаш ќе биде дел од креирање на контурите за пристапност на музеите во Македонија, бидејќи уметноста, архитектурата, историските записи и големите дела на виртуозите во нашето општество се азбука за спознавање на тлото по кое движиме во нашата заедница.

*Христина П.*







# НОВО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПОХУМАНА И ИНКЛУЗИВНА СТОМАТОЛОШКА ГРИЖА







Повеќегодишната соработка со Клиниката за стоматологија, иницирана од страна на нашиот член Стефан - вработен во неа, овозможи „Мобилност Скопје", претставувано од претседателот Гоце Миновски и неговиот тим со ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон", претставувано од веде директорката-професор Јулијана Николовска и професор д-р Сашо Јовановски, да потпишат Меморандум за соработка и Протокол за заедничка реализација на активности.

Целта на ова партнерство е;

- Подобрување на пристапноста за лицата со попреченост односно, обележано паркинг место непосредно до влезот на клиниката, соодветна рампа за влез, врати со точни димензии, приспособен кабинет со мобилен стол, приспособена соба за анестезија, достапен рендген апарат за снимање (кој е во тек на набавка), пристапен шалтер за администрација и приспособен тоалет.

- Унапредување на условите за стоматолошка грижа (секој член од Мобилност Скопје со жолтата членска карта како индентификациски документ, ќе може да се лекува на Клиниката, односно може да избере свој матичен стоматолог на шалтерот во административното биро или да остане кај својот дотогашен матичен стоматолог, па со упат да биде насочен за лекување во клиниката по потреба наспрема природата на лекувањето).

Условот за користење партиципација при лекување останува со истите начела како кај сите матични стоматолози кои соработуваат со ФЗОМ.

-Јакнење на инклузијата и достоинствениот третман (заемно учество на активности организирани од двете страни за добробит на обете страни, потенцирање на јавноста за еднакви можности како и давање придонес во настани организирани за општото добро на засегнатите во заедницата).

Овој меморандум ги постави темелите за соработка помеѓу двете страни, но Протоколот ќе трпи промени и дополнувања во иднина наспрема потребите и можностите на Клиниката и нашето здружение, истакнаа директорката Јасмина и претседателот Гоце во присуство на останатите присутни во кабинетот.

Ваквиот огромен подвиг на Клиниката за стоматологија а успех за Мобилност Скопје, претставува пример во која насока треба да се движи борбата на двигателите во заедницата за правилен и достоинствен живот на лицата со попреченост.

- Закажување преглед преку својот матичен стоматолог на

- mojtermin.mk

- тел.075 435 445 (работни денови од 08:00-14:00)

-info@univdentalclinic.org.mk

*Христина П.*

# КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА НАЦИОНАЛНОТО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ООН ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ





Мобилност Скопје за првпат во своето постоење доби можност, со претходна апликација за членство како граѓанска организација, да учествува во Националното координативно тело при Владата на Р.С. Македонија за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост.

-На 4 април, во салата за седници при Владата, Националното координативно тело одржа конститутивна седница, со која претседаваше советникот на претседателот на Владата за унапредување на образование, здравство, социјална заштита и спроведување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во Р.С. Македонија и воедно координатор на телото, м-р Снежана Трпевска, заедно со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата, претставници од четиринаесет министерства, две организации на лица со попреченост и една високообразовна научна институција.

На седницата, која е прва по назначувањето на новиот состав, Трпевска информираше за улогата на Националното координативно тело, притоа истакнувајќи ја клучната улога во координирањето на сите активности и напори, кои ќе се вложат во исполнувањето на обврските што произлегуваат од Конвенцијата.

Покрај правните и институционалните реформи, телото ќе работи и на подигнување на свеста кај сите граѓани за правата на лицата со попреченост, како и за важноста на нивното активно вклучување во сите аспекти на општествениот живот.

На седницата беше ставен акцент и на задачите на Националното координативно тело во изградба на партнерства, создавање позитивна и инклузивна атмосфера и обезбедување ефективно функционирање на сите процеси кои ќе доведат до подобрување на животниот стандард на лицата со попреченост.

По завршувањето на официјалниот дел, присутните беа информирани дека набрзо ќе се свика втората седница на телото со цел брзо и ефикасно пристапување кон задачите и мерките за остварување на потребите.

*Христина П.*

# ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА НКТ ВО ВЛАДА НА РСМ

Во просториите на Владата на РСМ, се одржа четвртата седница на Националното координативното тело за имплементација на конвенцијата за правата на лицата со попреченост(НКТ).

На седницата, покрај четирите точки на дневен ред за расправа на состанокот, како втора точка беа поставени иницијативите од страна на „Мобилност Скопје“ коишто нашите претставници ги образложија пред членовите на телото, односно:

- Предлогот за интероператибилност помеѓу министерствата и институциите преку нивните претставници во НКТ, за поефикасно канализирање на нашите потреби, брза ин-



формираност, солидна пренисливост на информации како и метрички параметри за сработеното преку заедничка платформа-софтверска апликација или алатка за видливост,

- Учество на лицата со попреченост во системот и

- Остварување на дејството во контекст на потребите.

Овие барања поттикнаа бројни идеи, трагања по решенија и дебатирања помеѓу претставниците на НКТ со интенција за брз одговор и резултати на дело. На седницата исто така се говореше за двата нови закони кои се на повидок за изгласување (закон за вработување на лица со попреченост и закон за вработување на студенти ) како и за пилот-програмата во изготвување,

„рана детекција на лица со попреченост и нивна брза рехабилитација".

*Христина П.*



## ВТОРА ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ" И ММСА

На 29 април, во сала бр. 1 при ДХО „Даре Џамбаз", Мобилност Скопје, во соработка со ММСА (Македонска медицинска студентска асоцијација), ја одржа втората панел дискусија заснована на платформата „Доктор-Пациент".

Овогодишната дискусија беше фокусирана на брзо детектирање, рано дијагностицирање, правилна превенција и соодветна психофизичка рехабилитација на засегнатото лице атакувано од некое заболување. За овие исклучително неопходни компоненти во лекувањето, учество зедоа неколку панелисти - професори, доктори и медицински сестри односно:

-Проф.д-р Соња Бојаџиева-педијатар и ентерохепатолог, наша најверна пријателка на здружението и неуморен хуманист во борбата за подигнување на свеста кај лицата со попреченост, која говореше за важните параметри на откривање болести кај неродени дечиња уште во утробата на мајката, деца при раѓање и дечиња во рана возраст како и нивен понатамошен третман.

- Проф. д-р Калина Гривчева-Старделова - гастроентерохепатолог и директор на Лекарската комора на РМ, која говореше за неопходноста од постојаната релација „доктор-пациент", односно придобивките од синергијата на нивното дејствување. Нејзината истражувачка харизма овој пат ја употреби во голем чин за нашето здружение, понудувајќи за нас уникатна можност, свечено и пред целиот аудиториум, да го потпишеме Меморандумот за соработка помеѓу Лекарската комора на РМ и „Мобилност Скопје".

-Проф. д-р Иван Барбов - нашиот „матичен невролог", кој секогаш е тука за нас и секој пат не освежува со нови информации и издржани совети во областа на невролгогијата.

- Проф. д-р Марина Вукашиновиќ-Столевска-онколог, доктор во својата област со иновативен пристап кон пациентите прилагоден на секојдневието и желба за промени во нагорна линија.

- Медицинска сестра Јасмина Јовчевска, ентузијастична личност, вреден медицински работник, хуманист и верна пријателка на нашето здружение.



-Д-р Катерина Станкова-Нинова - гинеколог, која на панел-дискусијата се осврна на потребата и можностите од посета на гинеколозите и уролозите како и обврската за редовни понатамошни прегледи.

- Проф. д-р Стојан Бајрактаров - психолог од кој треба да се слуша и научи како да ја вратиме самодовербата, како да бидеме свои и како да си ја цениме личноста без разлика на нашата телесна различност.

- Главна сестра во Заводот за рехабилитација во Козле, сестра Даниела Димитровска, од која ги повто-

ривме и научивме советите за подобро психофизичко здравје преку правилни физикални терапии и

- Филип Дума - супспецијалист по детска неврологија, доктор со отворени и искрени мисли, но и реалист со исклучителни совети.

На настанот присуствуваа голем број членови на нашето здружение, нивни најблиски роднини и пријатели, студенти при ММСА и други. Публиката по завршувањето на излагањата на панелистите, поставуваше интересни прашања за кои добиваа соодветни одговори, при што настанот доби интерактивен карактер и понуди информации за повеќе непознати дотогаш теми.

„Мобилност Скопје“ изразува огромна благодарност до високите гости: Снежана Трпевска - советник на премиерот во Владата на РМ и претседател на Координативното тело за имплементација на конвенцијата на ОН при Владата на РМ, Бранимир Јовановски - претседател на Мобилност Македонија, Драган Дојчиновски - раководител на ДХО „Даре Цамбаз“, здружението „Хема Онко“, предводено од г-ѓа Милица Кузмановска, Маријан Спасеновски - мобилен физеотерапевт и Анита Димовска, главна сестра на поликлиниката „Јане Сандански“.

Настанот заврши со дефиницијата: мултидисциплинарниот пристап на третирање пациент е она за кое ќе стремиме во иднина, а придобивките од зададените цели да ги согледаме на следната (трета) панел-дискусија.

*Христина П.*





# МЕЃУНАРОДНА КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ВО ОХРИД



Креативната работилница при Мобилност Скопје, по 11. пат ја организира и одржа својата традиционална меѓународна креативна работилница во Охрид. На неа зедоа учество 30 члена од здруженијата при МС „Врање“, МС „Лесковац“, МС „Инџија“ и „Мобилност Скопје“. Десетдневниот настан понуди многу нови дела, кои инспирирани од духот на стариот град и синергијата помеѓу учесниците, го создаде прекрасниот излог на декупаж предмети и разновидниот накит од мониста.

Нашето здружение им се заблагодарува на пријателите од здруженијата за нивниот огромен придонес во работилницата, а особена благодарност изразува за безрезервната поддршка и апсолутната хуманост кон пријателите од фирмата „ТАМАРО“ со господин Роберто и г-ѓа Марија, фирмата „Тиамо“, господин Костадин и отецот Оливер, „Колид“, „Гајрет“, Вангел и „Сара Фешн“, без чија помош сјајот на овој настан немаше да биде на своето достоинствено ниво.

„Уметноста е бесконечна, креативноста е имагинација, практицирањето е знаење но само дружењето е реалност за душата“.

Се гледаме на следен креативен настан...

*Христина П.*

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СО УНИЦЕФ

„Мобилност Скопје“ на 16.5.2025 година, во свечената сала на Владата на РМ, имаше чест да биде сведок на потпишувањето Меморандум за соработка за пилотирање и подготовка за имплементација на семејно-ориентиран систем за рана интервенција во детството (РИД) помеѓу Министерството за здравство, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за образование и наука со УНИЦЕФ.

Пилотирањето на новите услуги ќе го спроведуваат обучени професионалци од здравствени и рехабилитациски центри, градинки, училишни ресурсни центри и лиценцирани даватели на социјални услуги во Град Скопје, со цел да ги зајакнат семејствата и да ги поддржат децата кои се изложени на ризик од задоцнување во развојот и попреченост, преку пакет родителски совети и специјализирани услуги.

Во своето обраќање пред присутните министерот за социјална политика, демографија и млади, Фатмир Лимани, го истакна значењето на потпишувањето на меморандумот, што, според него, тој претставува клучен чекор на патот кон поправедна и поинклузивна иднина за секое дете.

„Вложувањето во раниот детски развој не е луксуз, ниту опција – туку нужност. Тоа е една од најпаметните, најефикасни и најдиректни интервенции за изградба на поеднакво општество.

Секоја политика насочена кон поддршка на најмладите деца е инвестиција во подобро образование, поефикасно здравство, посилна економија и поодржливо општество.

Оваа соработка меѓу институциите не треба да биде исклучок, туку модел што ќе го следиме постојано. Само со здружени сили – со знаење, политичка волја и меѓусебна доверба можеме да изградиме систем што ги штити и ги поддржува нашите најмлади,“ порача Лимани.

„Со рано решавање на развојните проблеми, децата имаат поголема веројатност да успеат во училиште и да им бидат потребни помалку посебни услуги како што растат. И што е многу важно, со раната интервенција може значително да се подобри квалитетот на животот на овие деца, и тие во поголема мера да се вклучат во семејниот, училишниот и општествениот живот“, рече министерката за образование и наука, проф. д-р Весна Јаневска.

Информираше дека како поддршка на пилотирањето на новиот модел на рана интервенција во детството, Министерството за образование и наука ќе обезбеди вклучување на две училишта - основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ и Државното училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“, како и стручни лица од овие училишта кои успешно завршија обука за давање на овој тип на услуги.

Заменик-министерот за здравство, Јовица Андовски, потпишувањето на меморандумот го посочи како ново поглавје со кое се потврдува и дополнително унапредува заложбата за подобар третман на лицата со попреченост.

„Министерството за здравство е активно вклучено со цел обезбедување на поддршка во пилотирањето на услугите за рана интервенција во детството во Скопје.

За реализација на оваа активност ќе биде обезбеден зголемен број вработени стручни лица при ЈЗУ Здравствен дом Скопје и ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација, како и на целата територијата на Македонија. Дополнително, еден од следните чекори е организирање активно учество на професионалците од институциите под надлежност на министерството при давањето





менторска поддршка од страна на национални и меѓународни консултанти“, истакна Андовски.

Тој како дополнителна новина го посочи воведувањето на електронска евиденција за работа на Комисијата за функционална попреченост, како дел од националниот систем „Мој термин“.

Во Македонија се проценува дека над 17.000 деца под шестгодишна возраст можат да имаат потреба од услуги за рана интервенција. Со цел надминување на недостатоците во системот, а со поддршка од УНИЦЕФ, беше изработена стратегија во партнерство со Здружението на специјални едукатори и рехабилитатори, за поддршка на секторите за здравство, образование и социјална заштита во воспоставувањето на системско решение кое ќе обезбеди сите деца на предучилишна возраст со ризик, од развојни тешкотии или попреченост, да добијат услуги за рана интервенција.

„Во првите пет години од животот детето се развива побрзо отколку во кој било друг период од животот. УНИЦЕФ го поздравува овој нов пристап, преку кој семејствата ќе добијат насоки и специјализирани услуги што им се потребни за да се справат со секојдневните предизвици и да го поттикнат оптималниот развој на своите деца“, изјави Лесли Милер, претставничка на УНИЦЕФ.

Мултисекторскиот договор вклучува обврска од Министерството за здравство да воспостави универзален скрининг за сите деца до шестгодишна возраст со цел навремено откривање и интервенција на национално ниво. По завршувањето на пилот-фазата, семејно-ориентираните услуги постепено ќе се прошируваат низ целата држава.

„Мобилност Скопје“ како граѓански партнер и дел од Координативното тело за имплементација на конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во системот, продолжува да чекори кон целта, односно кон остварување на предложените иницијативи за кои се залага.

*Христина П.*

# ПРОСЛАВА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ЗА ДЕНОТ НА ЖЕНАТА

Дамите-членки во Мобилност Скопје заземаат исклучително место и за нив здружението посветува огромно внимание за секој нивен успех, достигнување, дострел, настап, заложба...

Токму за оваа цел, празникот на жената, 8 Март, е еден од датумите во годината за која нашето здружение го смета тој ден за активност со приоритет и со тоа има можност да им оддаде почит за сето она за кое членките се заслужни и успеале да дадат придонес во членувањето, опкружувањето и општеството.

По тој повод, во пресрет на празникот на жената, на 7 март, во просторијата за состаноци при ДХО „Даре Џамбаз“, се одржа прославата за одбележување на денот. На неа учествуваа околу педесетина дами, кои во една прекрасна атмосфера, зачинета со звуците на познати хитови, испеани од грлото на наш пријател вокалист, поминаа повеќечасовно дружење и изнуди многу насмевки, весели лица и непрекинати разговори за теми кои членките ги водат во имагинарен свет за кој сите мечтаеме да отидеме на миг и да се „исклучиме“ од секојдневните обврски и негативни вибрации со кои сме честопати опкружени.





Борбени, храбри, независни, самостојни, пожртвувани, истрајни, тивки а гласни, убави, нежни... тоа се епитетите со кои можеме да ги опишеме овие исклучителни жени кои преку нивната постојана борба за еднаквост, видливост, еманципација, подигнување на гласот и можноста да се покаже талентот, апсолутно го заслужуваат значајното место во заедницата.

„Мобилност Скопје“ продолжува да се грижи за родовата еднаквост и недескриминацијата и затоа празникот на дамите во својот деловен календар секогаш ќе го маркира со црвено квадратче.

Честит 8 Март!

*Христина П.*

# ВАСИЛИЦА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

По прославата за пречекот на Новата 2025 година, Мобилност Битола, на 11 јануари 2025 година, традиционално ја одбележа и Стара нова година / Василица, празник кој се практикува повеќе од илјада години во чест на Св. Василиј Велики. Членовите на здружението повторно се собраа во ресторанот „Корзо“ во Битола, каде што во пријатен амбиент уживаа со добро и вкусно мени и најтазе мазничиња, а минатогодишната добитничка на парето, Билјана Поповска, нè почести со торта. Од една Билјана кај друга, парето годинава се најде кај поетесата Билјана Тодоровска, на која ѝ посакуваме среќна и бериќетна 2025 година.

Инаку, за доброто расположение, што траеше до доцна по полноќ, повторно се погрижија членовите на групата „Носталгија“, а посетата беше над 80 %. Откако си честитавме, храбрите поиграа и оро, а се надеваме дека убавото расположение ќе продолжи во текот на целата година.

*Н. Јанков*



# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 8 МАРТ

„Мобилност Битола“ традиционално го одбележува Меѓународниот ден на жената – 8 Март. Оваа 2025 година, по консултација со повеќе членови на здружението, прославата се одржа на 7 март (петок) во клупските простори, со почеток од 19 часот. За празничното дружење се собраа дваесетина членови кои го одбележаа Денот на жената со скромна закуска и чоколадо наместо цвеќе.

Во последно време, дружењето во клупските простории зема сè поголем замав, и сè поголем број членови е присутен тука. Се надеваме дека овој тренд ќе продолжи и понатаму.

„Мобилност Битола“ ја користи пригодата да им го честита 8 Март на сите свои членки и на сите наши сограѓанки. Активностите продолжуваат.

*Н. Јанков*



# ДОДЕЛЕН ВАУЧЕР НА ЗДРУЖЕНИЕТО МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА ЗА ПРОСЛАВА НА НОВА ГОДИНА

Во пресрет на Нова година и божиќните празници на здружението Мобилност Гевгелија беше доделен ваучер за прослава на Нова година. Доделувањето на ваучерите беше извршено од страна на г –ѓа Елена Бегова – сопственик на Фондацијата „Ице Бегов, која освен за членовите на Мобилност додели ваучер и на другите инвалидски организации и на Дневниот центар за лица со посебни потреби „Мајка Тереза“. При доделување на ваучерот беше одржана мала средба со г-ѓа Елена во ресторан „Елени“ Гевгелија, а од секое Здру-



жение или организација имаше присутно по еден претставник. Од Здружението Мобилност претставник беше Валерија Пеева – која е член и секретар на Здружението Мобилност Гевгелија. Целта на овој хуман гест беше лицата со различен вид на попреченост да поминат убав ден дружејќи се меѓусебно. При доделувањето на ваучерот секое Здружение имаше можност самостојно да избере ден и време за прославата и самостојно да избере кој ќе присуствува на неа. Прославата беше одржана во ресторан „Елени“, а како организатор беше поканета г-ѓа Елена, која со задоволство присуствуваше, а од страна на членството на Мобилност Гевгелија, како знак на благодарност на г-ѓа Елена ѝ беше подарено букет цвеќе, благодарница и плакета.

*Валерија Пеева*



# ОДРЖАН ПРЕДНОВОГОДИШЕН БАЗАР ВО ГЕВГЕЛИЈА

Кон крајот на декември во центарот на Гевгелија беше организиран десетдневен предновогодишен базар. За негово учество беше потребно општинските организации да поднесат пријава до канцелариите на општината или да извршат телефонско пријавување за да може општината да обезбеди простор за продажба (во овој случај дрвена куќичка) или тезга во сопственост на ЈП Комуналец Гевгелија. Секоја пријавена организација зеде учество со тоа што претходно изработи новогодишни украси и слатки задоволства кои беа понудени на штандот за продажба, а собраните средства од базарот беа наменети за хуманитарни цели. Учество на предновогодишниот базар зедоа неколку членови со изработка на новогодишни украси и новогодишни колачи и нивно продавање на случајните минувачи. Исто така имаше и новогодишни украси од локалните приватни бизниси кои секогаш излегуваа во пресрет на Здружението Мобилност Гевгелија како што се бутик „Оскар“ Стојаково, аптека „Еми Фарм“ Стојаково, киоск „Жила“ Стојаково, ООУ „Кирил и Методиј“ Стојаково СС „Флорс“ Гевгелија, „Аџико Гевгелија“, „Мат Стар“ Гевгелија, „Нела Фешн“ Гевгелија и многу други кои покажаа несебичен придонес во реализација на овој настан.

Исто така на најмладите членови на Мобилност Гевгелија им беа доделени новогодишни подароци.

*Валерија Пеева*





# ПРОМОВИРАНА ПРИСТАПНАТА РАМПА ВО МАГАЗАТА

На 16 мај 2025 година, во рамките на програмата за одбележување на 18 Мај - Меѓународниот ден на музеите, во Магазата беше промовирана новопоставената пристапна рампа што значително го подобрува пристапот во овој културен споменик и простор каде што се одржуваат бројни културни збиднувања. На настанот беа поканети и присуствуваа повеќе членови на Мобилност Битола, чие мислење и одобрување на рампата се од особено значење за раководството на НУ Завод и музеј – Битола.

Пристапната рампа е од метална конструкција со бродски лим и соодветен степен на закосеност од околу 5,5 %, а од двете страни се поставени огради со ракофати. Членовите на Мобилност Битола ја тестираа рампата и оценија дека изведбата е добра, но самата површина е малку лизгава за време



на дожд. Овој проблем може да се коригира со поставување/лепење на гумени ленти на растојание од 40 до 50 см, напречно долж рампата.

Го поздравуваме овој напор за зголемување на пристапноста во културните институции на нашиот град и остануваме на располагање за идни соработки. Активностите продолжуваат.

*Н. Јанков*



# НАТПРЕВАР ВО БОЧИЈА

По одобрениот проект во областа на спорт при град Скопје, Мобилност Скопје заедно со Македонската асоцијација за Бочија, на 7.6.2025 година, го одржаа натпреварот во бочија.

На него зедоа учество голем број натпреварувачи од Мобилност Скопје, КСРИ Битола, МС Врање, МС Лесковац и МС Инџија.

Настанот го отвори претседателот на првиот клуб за Бочија во Македонија, господин Дејан Здравков, кој ги даде сите важни информации за оваа параолимписка дисциплина во светот, неговите правила за практицирање, комфорноста за играње на лица со каков било вид на инвалидитет, натпреварувачкиот дух кој го буди овој спорт како и желбата на повеќе клубови во Македонија да се прошири мрежата и влезе бочијата како рамноправен спорт меѓу останатите во Македонската спортска федерација.

По неколку часовниот натпревар, во исклучително топлиот ден, победија најхрабрите и најдобрите спортисти и ги освоија;

Прво место - Соња Китановска и Гоце Миновски

Второ место - Јелена Трајковиќ и Игор Ристоски

Трето место -Наташа Дишлиовска и Зоран Трајановски.

Мобилност Скопје им се заблагодарува на сите учесници од нашата држава и соседна Србија, претседателот на клубот Бочија, господинот Дејан Здравков, волонтерите од Црвениот крст на РМ, локалната самоуправа на град Охрид, ТВ Сител со новинарката Нина Аритонова и секако голема благодарност до Град Скопје за безрезервната поддршка која ни ја дава низ годините, препознавајќи ги придобивките за ваквите наши спортски активности.

*Христина П,*












MACEDONIAN
MEDICAL
STUDENTS
ASSOCIATION




НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ
НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН





ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА
СИГУРНОСТ НЕЗАВИСНОСТ САМОСТОЈНОСТ НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ISSN 1857-8470
9 771857 847001